ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

# ИЗВЕШТАЈ



## ОД МОНИТОРИНГОТ НА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ВЕСТИ

ПЕРИОД 13 - 17 И 20 - 24 ФЕВРУАРИ 2017

# РЕЗИМЕ

- Резултатите во овој извештај се добиени од анализата на телевизиските вести емитувани во периодот од 13 до 17 и од 20 до 24февруари 2017 година, или вкупно 10 дена. Целта на анализата беше да утврди како телевизиите на национално ниво известуваат за демократските процеси во земјата и дали ги претставуваат избалансирано различните политички гледишта. Анализирани се вестите на 12 телевиии: МТВ1, МТВ2, Сител, Телма, 24 Вести, Канал 5, Алфа, Алсат М (на македонски и на албански јазик), ТВ 21 (на македонски и на албански јазик) и ТВ Нова.

- Анализата е спроведена во период во кој формирањето на новата влада се уште беше неизвесно, бидејќипреговорите на ВМРО-ДПМНЕ со ДУИ не успеаја, а СДСМ поднесе 67 потписи до Претседателот на државата очекувајќи да му биде доделен мандатот. Периодот на мониторирање заврши пред 1 март, кога Иванов соопшти дека не го доделува мандатот на ниту една партија и со тоа ја продлабочи кризата. Оттаму, оваа тема беше доминантна во 10-те набљудувани дена, но поединечно телевизиите се разликуваа во обемот на известување и приодот кон темата. Во вестите на ТВ21, Алсат М и Сител се емитуваа најмногу прилози на оваа тема, додека за телевизиите 24 Вести, МТВ 2 и Канал 5 тоа беше работата на јавните институции (но, од различен агол). Во вестите на Алфа оваа тема (23) беше помалку застапена од промоцијата на проектите и мерките на се' уште актуелната влада и на другите институции, како на општините (41). Поради техничкиот карактер на Владата и неизвесноста од одржувањето на локалните избори, ваквите најави на функционерите, кои главно доаѓаа од партијата ВМРО-ДПМНЕ, можеа да имаат карактер само на партиски ветувања, но надвор од период на изборна кампања.Освен кај МТВ1, 24 Вести, Канал 5 и Алфа, каде како субјект во известувањето доминира ВМРО ДПМНЕ, кај останатите телевизии беа објавени најмногу информации за СДСМ, што се должи на префрлањето на фокусот во преговорите за влада врз оваа партија.

- Основна карактеристика на вестите во централното информативно издание на првиот програмски сервис на Македонската телевизија е едноставното (стерилно) известување, без подлабоко навлегување во темите од јавен интерес и критичка опсервација на работата на институциите, ниту пак доминира некој став на одреден субјект над другите. За активностите на главните политички субјекти Јавниот сервис објави по обем повеќе информации за ВМРО-ДПМНЕ и функционерите во власта од оваа партија (66) наспроти информациите за СДСМ и за нејзините функционери во власта (42).Беа забележани 10-тина примери на фаворизирање на партијата

ВМРО-ДПМНЕ, сите преку промовирањето проекти на владини институции, чии носители на функциите доаѓаат токму од оваа партија.

Вториот програмски сервис – МТВ 2, информира за сите позначајни политички настани во земјата, иако се забележува блага наклонетост кон темите кои се од интерес за албанската етничка заедница, што пак се рефлектира и на бројката од 73 прилози (најмногу) за партијата ДУИ.

- Поради актуелната состојба, овојпат многу е помал интензитетот на известување за непартиските субјекти. Најприсутен таков субјект во вестите беше Специјалното јавно обвинителство, при што најмногу се известуваше за неговата работа, а поретко во контекст на тековните политички преговори. И натаму е карактеристично поделеното известување: провладините медиуми, иако објавија малку прилози, го задржаа демонизирачкиот однос, додека критичките или само информираа, или критички укажуваа на некој аспкет од неговата работа (затвореноста кон медиумите).

- Со редовната работа на државните и на локалните институции најмногу се занимаваа критичките телевизии (24 Вести, Телма, Алсат М и ТВ21), а доколку таа тема ја имаше на провладините телевизии, аголот на известување беше позитивен и фаворизирачки за функционерите на ВМРО ДПМНЕ. Провладините медиуми продолжија и со напаѓачкиот стил на известување кон невладините, граѓанските организации, кои повторно се поврзуваа со тн. процес на 'десоросоизација'.

- Генерално, може да се заклучи дека и во вториот последователен мониториран период по изборите, медиумската слика за политичкиот плурализам во Македонија останува иста како и пред една година. Телевизиите 24 Вести, Телма, Алсат М и ТВ 21 продолжија да ги следат политичките случувања од неутрална позиција и критички да ја опсервираатработата на јавните институции, што всушност е основна улога на професионалното новинарство кое го штити јавниот интерес. Од друга страна, кај телевизиите Сител, Алфа, ТВ Нова и Канал 5 повторно доминираат ставовите на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и известувањата за проектите и за достигнувањата на нејзините функционери.

Во овој десетдневен период кај телевизијата Сител се забележани негативен говор (кон новинарот Бранко Героски) и стереотипизација на етничка група (кон албанската етничка заедница).

Македонската телевизија во најголем дел продолжи со непристрасноизвестување за главните политички и општествени случувања, но без обиди за подлабоко навлегување во темите од јавен интерес и нивна аргументирана и критичка опсервација.

# ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ



## 1. ТЕМИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во десетдневниот период во 12-те изданија на вести што беа предмет на анализа се објавени вкупно 1.405 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи, при што според бројот на прилози беа најзастапени следниве теми: постизборни преговори за формирање влада (499 прилози), редовната работа на државните и на јавните институции (200 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (152), промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (116), двојазичноста која произлезе како тема од преговорите за влада (60), економската состојба, како вработеноста и други статистики (54), истрагите за финансирање на изборната кампања (38), и во помал обем т.н. процес на десоросоизација (22), промовирање на проекти од страна на партиски претставници (21), состојбата во образованието (8), задолжувањето (7), за медиумите (5) и др. Емитувани се и поголем број информации за други теми од општествениот живот (115), а посебно за реакциите на јавни личности на политичката ситуација.




**Број на прилози емитувани во ТВ вестите за различни теми (3 - 7 и 10- 14 октмври)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организацијата на предвремените парламентарни избори (оценките на ПССЕ како поминале изборите). |
| Тема 2 | Предизборни активности на политичките партии. |
| Тема 3 | Промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (промоции или најави од министрите, претставниците на локалните самоуправи и од други функционери). |
| Тема 4 | Проекти и мерки на Владата во чија промоција учествуваат политички партии и лидери (најчесто Груевски) |
| Тема 5 | Предизборни ветувања на владини претставници од СДСМ |
| Тема 6 | Други активности на јавните функционери (протоколарни активности, решавање тековни прашања итн). |
| Тема 7 | Работата на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО). |
| Тема 11 | Најавата од Зоран Заев за проширена употреба на албанскиот јазик |
| Тема 12 | Состојбите во економијата (невработеност, бизнис форуми, странски инвестиции, конкурентност, статистика) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиумите и медиумската работа |
| Тема 15 | Редовна работа на државните институции, судовите, локалната самоуправа (прилози во кои медиумите не известуваат за поитичките партии, туку за различни проблеми и прашања од јавен интерес) |
| Тема 16 | Други теми |
| Тема 17 | Посетата на еврокомесарот Јоханес Хан |
| Тема 18 | Случувања во образованието (неподготвени училишта за второто полугодие, раскинатиот договор со Турција за признавање на дипломите) |
| Тема 19 | Постизборни преговори за формирање влада |
| Тема 20 | „Десоросоизација" и работата на невладините организации |
| Тема 21 | Обраќања на политичките партии во врска со различни случувања во општеството (чистење на снегот, епидемија на грип, загадување итн). |

1. И во оваа анализа, како и во претходната, тема од највисок интерес беа *обидите да се формира нова влада по парламентарните избори* (499 информации објавени на сите телевизии). Но, сега беше пренасочен фокусот на известување кон други субјекти: наместо за преговорите меѓу ВМРО ДПМНЕ – ДУИ, сега се известуваше за СДСМ и ДУИ, откаколидерот на СДСМ Зоран Заев му поднесе на претседателот на државата Ѓорге Иванов потписи од 67 пратеници и го побара мандатот. Мониторингот го опфати периодот пред изјавата на претседателот Иванов дека нема да го додели мандатот на Заев, па затоа прилозите главно се однесуваа на дневните случувања во преговорите, кои не беа транспарентни докрај, поради што телевизиите емитуваа голем број предвидувања од домашни и странски експерти, ставови на меѓународни претставници и институции и се повикуваа на домашни и странски медиуми. Најмногу прилози објавија ТВ 21 на македонски (56) и на албански јазик (52), Сител (51) и Алсат М (50), а најмалку Алфа (24) и МТВ 1 (27). За разлика од сите телевизии, Алфа најмногу известуваше за промоција на проектите и мерките на Владата (41).

   Во однос на приодот во известувањето, останува констатацијата дека Телма и 24 Вести редовно и непристрасно известуваа за сите случувања, главно пренесувајќиги информациите за најновиот развој во овој процес, без поголеми новинарски интервенции. Телма користеше и аналитичките наjави за емисијата „Топ тема“, додека 24 Вести посебно ја анализираше и неизвесноста од одржувањето на локалните избори во април при што се критикуваше потегот на ДИК за враќање на фантомските гласачи избришани од Избирачкиот список во 2016 година. ТВ 21 (на обата јазици), освен дневните случувања емитуваше и извадоци од дебатни емисии каде што аналитички се разгледуваше политичката состојба и посебно т.н. албанска платформа, а се пренесуваа и пораки од претставниците на различни партии, од високи членови на ДУИ дека се против влада со ВМРО-ДПМНЕ, и од високи членови на ВМРО-ДПМНЕ дека не се откажуваат од идејата да формираат влада со ДУИ. Алсат М продолжи да ги следи инспекциските контроли во општините раководени од градоначалници од ДУИ што се изјасниле против коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова за преговорите известуваа дека нова влада составена од СДСМ и ДУИ ќе има негативни последици врз земјава со тоа што Македонија станува двојазична држава. Тие известуваа и за ставовите на ВМРО-ДПМНЕ и повиците за нови избори, пораките од меѓународните претставници, коментари од политички аналитичари, како и за првите протести против таа влада.МТВ1 и МТВ 2 само ги пренесуваа основните информации за меѓупартиските и внатрепартиските состаноци, како и пораките од домашните и од меѓународните претставници.

2. *Следењето на работата на државните и на јавните институции*, со 200 емитувани прилози, беше втората тема, според вкупната застапеност. Таа беше најзастапена на 24 Вести (34), на МТВ 2 (26) и на Канал 5 (23). Се известуваше за проблемите во судството, јавните претпријатија (штрајкот на Македонски железници), вработувањата на ранливи групи, набавката на лекови, јавниот превоз и друго. 24 Вести и Алсат М особено критички го опсервираа потегот на прераспоредувањето на судиите во кривичниот суд (Алсат М 21 февруари „Деградирани се судии кои постапувале по барањата на СЈО“). Алсат М под „лупа“ ги стави и постапките на министерот за образование во врска со неговите неостварени ветувања во некои училишта (14 февруари „Министерот за образование, Пиштар Љутфиу, не го исполни ветувањето дека ќе прати работна група во велешкото село Клуковец која ќе ја процени состојбата на основното училиште „Васил Главинов“). Телевизиите Сител и ТВ Нова објавија само по 7 прилози во врска со работата на јавните институции и Алфа 16, главно некритичко пренесување на информациите. Телма се наврати и на трошоците за проектот „Скопје 2014“.

3. *Работата на Специјалното јавно обвинителство* во мониторираниот период е повторно меѓу позастапените теми (152). Периодот во кој беа анализирани телевизиите беше пред оваа институција да ја најави новата истрага „Труст“ (за ископот во РЕК Битола). Најмногу известуваа Алсат М (22), Телма (18) и 24 Вести (17), додека најмалку прилози имаа Сител и Алфа (по 6), и ТВ Нова и МТВ 1 (по 7). Ваквата блоковска поделба останува и при содржинското известување. Телевизиите Алсат М, Телма, 24 Вести и ТВ 21 редовно известуваа за сите активности на обвинителството – од средбите на обвинителката Катица Јанева во Советот на обвинители за повлечениот предмет „Пуч“, до влегувањето на истражителите во РЕК Битола и медиумските куќи МПМ и Канал5. Во известувањето за СЈО на телевизиите Сител, Алфа, Канал 5 и ТВ Нова прилозите беа за рочиштето за насилствата во општина Центар, каде првообвинет е лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, но немаше ниту една информација за истрагата што ова обвинителство ја спроведува во самата телевизија и во медиумскиот конзорциум МПМ кој важи за близок до власта. МТВ 1 и МТВ 2 во прв план информираа за рочиштето во врска со протестите и демолирањето на бараките на општината Центар.

4. Иако и натаму траат преговорите за формирање влада, и неизвесноста од одржувањето на локалните избори, дел телевизии објавија голем број прилози за *промоција на проектите и мерките на Владата и на другите институции*, со што според бројот на објавени прилози – 116 е една од најзастапените теми во овој период на политичка и економска неизвесност. Најмногу прилози за оваа тема објавија телевизиите Алфа (41), Канал 5 (19), Сител (15) и МТВ1 (14). Алфа, Сител и Канал 5, за тековните проекти што се спроведуваат (Алфа, 13 февруари „Двојно зголемен бројот на странски туристи во Македонија), но и за тие што се во најава (Канал 5, 17 февруари „10 илјади нови работни места - Владата го усвои оперативниот план за 2017 година"), известуваа како за големи економски успеси на функционерите од ВМРО ДПМНЕ, а притоа се користеа и изјави на странски претставници чии пофални зборови во прилозите одат во прилог на фаворизирачкото известување за успешните владини политики (Алфа, 17 февруари „Милер: Импресиониран сум од економскиот напредок на Македонија"). По подолго време повторно беа забележани прилози на овие телевизии во кои како извор на информации за новите мерки и проекти беше користен лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски преку неговиот фејсбук-профил, со што се замаглуваше линијата меѓу државата и партијата на власт.

   24 Вести во малкуте прилози на оваа тема не изразуваше критички однос, туку само ги пренесуваше информациите, освен во еден каде мерката се истакнува како позитивен пример (23 февруари „Владата со мерки за самовработување"). МТВ 1 и МТВ 2 објавуваа за проекти и мерки на Владата во инфраструктурата, здравството и во други области, без да се земе во предвид фактот дека во времето на емитување земјата беше во постизборен транзициски период, што ги ограничува можностите на јавните функционери да најавуваат нови мерки и проекти. Алсат М не објави ниту еден прилог на оваа тема.

5. Во мониторираниот период, актуелни беа и обраќањата на *повеќе институции, но и јавни личности* (Други теми) во врска со актуелната политичка ситуација, за што телевизиите објавија 61 прилог. Најголемо внимание предизвикаа реакциите на Македонската православна црква и посебно еден од нејзините епископи Агатангел и оние на актерот Владо Јовановски, кој беше дел од многуте кампањи на владата на ВМРО ДПМНЕ. Најмногу на оваа тема известуваше Алфа (16), 24 Вести (16), ТВ21(14) и Сител и Канал 5 (по 12), но со различен содржински пристап во известувањето. Додека Алфа, Сител и Канал 5 го оправдуваа бранењето на политиката на владејачката ВМРО ДПМНЕ од страна на Црквата и на јавни личности од културата и притоа ја обвинуваа опозицијата и Фондацијата Сорос за „линч" поради ваквите јавно изнесени ставови (Алфа, 17 февруари „СДСМ и СОРОС заедно со нивните активисти вршат јавен линч врз актерот Владо Јовановски само затоа што јавно предупреди дека ќе има војна, ако Заев ја прифати целата платформа на Албанците"), телевизиите Алсат М и 24 Вести ја критикуваа јавната поддршка како несоодветна и ја поврзуваа со пропаднатите преговори меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ (Алсат М, 14 февруари „Повикот на членот на Синодот на МПЦ следи по неуспехот на ВМРО-ДПМНЕ да формира влада со ДУИ).

6. Следа тема според обемот на емитувани информации е *двојазичноста* (60 прилози) која исто така произлезе од преговорите за нова влада. Најмногу прилози на оваа тема објавија Алсат М (12) и ТВ Нова (11), со сосема спротивно гледиште. Алсат М темата неутрално ја анализираше преку спротивставување експертски ставови (21 февруари „Експерти: целосен заокружен закон за употреба на албанскиот јазик", 23 февруари „Шасивари: унапредување на албанскиот, но не и официјализирање"), а објави и репортажен прилог за оневозможеното право на деца Албанци да учат на својот мајчин јазик (17 февруари „Децата Албанци си ја викаат мајката на македонски"). Сличен пристап во известувањето има и ТВ 21 која објави анализи како би се спровела двојазичноста, како и репортажен прилог за Македонци и за Албанци што ги зборуваат двата јазика. Канал 5 преку ставови на експерти блиски до ВМРО ДПМНЕ го фаворизираше ставот на оваа партија дека двојазичноста води до федерализација и притоа заговараше дека тоа не смее да се дозволи (22 февруари Цуцуловски: Јазикот не смее да се договара зад затворни врати - референдум е решение"). Алфа, ТВ Нова и Сител објавуваа манипулативни прилози (со „дознава") околу договорот за нов предлог-закон за употреба на јазиците меѓу партиите СДСМ и ДУИ (ТВ Нова, 24 февруари: „Договор СДСМ-ДУИ: Од 3.000 до 5.000 евра казна за неупотреба на албанскиот јазик"; Сител 23 февруари: „Со договорот помеѓу СДСМ и ДУИ Македонија станува двојазична држава според Зоран Заев. Но ова е спротивно на Уставот и во ваков случај следат судски и политички чекори").

7. Уште една карактеристична тема беше информирањето за *економските состојби*, со вкупно 54 објавени прилози. Притоа, телевизиите 24 Вести, Алсат М, Телма и ТВ 21 сеопфатно информираа и за економските случувања, главно во контекст на политичката криза, како што се блокираните субвенции и туризмот, странските инвестиции и во таа линија и состојбата со задолжувањето. На телевизиите Канал 5, Алфа, Сител и МТВ 1 во врска со економските состојби, доминираа прилозите за владините очекувања за економски раст и за извештајот од фондацијата Херитиџ за растот на економските слободи во земјава, за кој Алфа и Канал 5 известуваа неколку дена последователно.

# 2. ПРИОД ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО

## *2.1. Приод во известувањето за активностите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ*

Промената на субјектите во постизборнотопреговарање за формирање нова влада (Тема 19), односно замената на ВМРО ДПМНЕ со СДСМ, придонесе најчесто споменуван субјект во известувањето во овој мониториран период да биде СДСМ (894), само малку пред втората најголема партија ВМРО ДПМНЕ (928 информации). Како трета партија која најчесто се појавува во прилозите е ДУИ (658). Освен во МТВ1, 24 Вести, Канал 5 и Алфа, каде ВМРО ДПМНЕ е присутен во повеќе прилози, во сите останати телевизии тежиштето на известувањето е на СДСМ. Во содржинскиот пристап, повторно е присутно „блоковско известување" меѓу провладините и неутрално – критичките телевизии.

Вестите на Сител, Канал 5, ТВ Нова и Алфа пропагандно и фаворизирачки известуваат за политиката на ВМРО ДПМНЕ, додека негативен или често и демонизирачки став се зазема во однос на политиката на опозицијата (СДСМ). Фаворизирачкото известување за ВМРО-ДПМНЕ (182 прилози) е главно преку претставување на партијата како заштитник на националните интереси (Сител 14 февруари: „Но за промена на највисокиот правен акт, потребна е согласноста и на ВМРО-ДПМНЕ. Од таму јасен став. Промена на Уставот нема да дозволиме"). Друг тип фаворизирање беше видлив преку нагласувањетона ставот дека партијата е победник на изборите (ТВ Нова 24 февруари: „Насобраните граѓани изразуваат голем револт и незадоволство од тоа што се изигрува волјата на македонскиот народ, кој што несомнено и на овие предвремени парламентарни избори со околу 455 илјади гласа поддршката ја даде на ВМРО-ДПМНЕ"). Телевизијата Канал 5 во 4 објавени информации информации искажа негативен став кон ВМРО ДПМНЕ, и тоа преку некритичко и еднострано пренесување на ставовите на претставници на СДСМ кои критикуваа некоја политика на ВМРО ДПМНЕ (17 февруари „СДСМ: Избрзаната реконструкција ги остави средношколците без струја", 19 февруари „СДСМ: Клиниката за гинекологија без БСЖ").

Известувањето за владејачката партија наспроти опозицијата доминираше и на телевизијата 24 Вести (109 информации за ВМРО-ДПМНЕ наспроти 72 за СДСМ), иако во најголем број од нив не се зазема никаков став. Кога станува збор за јавниот интерес, Телевизијата има аргументиран критички став кон политиката на оваа партија и нејзините функционери (13 февруари „Се крчка нова влада, техничката се уште реализира тендери", 16 февруари „Партиското седиште на ВМРО-ДПМНЕ под хипотека во Комерцијална банка").

Телма ги пренесува информациите за активностите на партијата ВМРО ДПМНЕ, но активностите на јавните функционери од оваа партија беа критички опсервирани, како изјавата на министерот за финансии Кирил Миновски дека државата нема долгови кон стопанството (21 февруари: „Ако државата навистина нема долгови кон стопанството, надлежните нека излезат јавно и тоа тврдење нека го документираат, упатуваат дел од менаџерите, откако вчера МФ уверуваше дека навремено ги финансира обврските кон домашните компании"). Активностите на ВМРО-ДПМНЕ беа под критичка опсервација и на ТВ 21 и Алсат М во неколку случаи, поврзани главно со ставот на партијата за работата на СЈО, но и со емитуван документарен филм за контроверзната историска личност Андон Јанев Ќосето во просториите на општината Бутел (ТВ21 22 февруари: „За време на изборната кампања минатата година, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски се повика на ликот и делото на Ќосето, за да му испрати порака на својот политички опонент, лидерот на СДСМ Зоран Заев. Во неговите зборови „да беше жив Делчев, ќе му го пратеше Ќосето за да ја заврши приказната со таков човек", многумина прочитаа отворена закана до Заев и страв од изборен пораз"). Вкупно на овие телевизии беа објавени 53 прилози на критичка опсервација за ВМРО ДПМНЕ.

МТВ1 и МТВ2 известуваа релативно избалансирано за двете најголеми политички партии, со ретки примери на фаворизирање на владејачката партија (МТВ1: 20 февруари „ВМРО ДПМНЕ: Приоритет здравствената инфраструктура" МТВ 2 14 февруари: „Мисајловски: продолжуваат инвестициите во патната инфраструктура"), пред се преку пренесувањето информации за мерки и проекти на Владата најавени по изборите, додека се чека нов владин кабинет.




**Приод во известувањето за партијата ВМРО-ДПМНЕ,**
**функционерите од нејзините редови и за коалициските партнери (13 - 17 и 20 - 24 февруари)**

Што се однесува до пристапот кон СДСМ, тој беше главно информативен кај телевизиите Алсат М, 24 Вести, Телма и ТВ 21 (722 прилози), а од друга страна негативен кај ТВ Нова, Сител, Канал 5 и Алфа, кои објавија 155 информации со напаѓачка содржина за опозицијата. Демонизирањето на СДСМ во најголемиот број случаи се изразуваше преку информациите за можноста СДСМ да формира влада, што се претставуваше како апокалиптично сценарио за државата (Сител 17 февруари: „Согласно досегашното однесување да се добие власт по секоја цена, се очекува Заев да го прифати предлогот на Ахмети, но како ќе се решат барањата промена на грбот и знамето на државата, како и солободувањето на злосторниците  обвинети за убиството кај Смилковско езеро, кумановско Диво населње и Бродец“), за преговорите за законот за јазиците (ТВ Нова 20 февруари: „Се прави ли нов обид на ваков начин да се прошверцува антиуставно решение?“) и преку прилози во кои еднострано се пренесуваат пишувања и тврдења на други медиуми со негативен тон за партијата и за нејзините претставници (Канал 5: 20 февруари „Нетпрес: ОЈО води истраги за вице Заев и Оливер Спасовски“, Алфа: 16 февруари „Егзит: Богоевски најави, Заев го користи СЈО за да го уцени Ахмети“).

Алсат М, ТВ 21 и Телма објавија ретки прилози на фаворизирање, кои беа поврзани со анкета спроведена кај албанско население според чии резултати тие ја преферираат СДСМ пред која било друга партија (Алсат М: 14 февруари „СДСМ партија лидер кај Албанците, велат анкетите“, Телма 15 февруари “Зошто Албанците гласаат за СДСМСДСМ се наметна како фактор на промени и на обединување “).




**Приод во известувањето за партијата СДСМ,**
**функционерите од нејзините редови и за коалициските партнери (13 - 17 и 20 - 24 февруари)**

Интересен беше односот на анализираните телевизии кон ДУИ кој со 658 прилози беше трет најзастапен субјект во известувањето во мониторираниот период, пред се поради актуелноста на преговорите за составување влада. Иако во најголем број информации (590), беше само информирано за активностите на партијата и нејзините функционери, известувањето за оваа партија, посебно кај Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова повеќе пати (29 прилози) беше демонизирачко (Сител 23 февруари: „Во иднина ДУИ ќе ја контролира полицијата, царината, здравството, УЈП, правдата, практично со само 80.000 гласови и 10 пратеници ќе ги контролира сите безбедносни и главните јавни и финансиски ресори на државата“, Алфа 23 февруари „Евентуалната коалиција со СДСМ ќе значи и погазување на волјата на мнозинството Македонци кои гласаа за ВМРО ДПМНЕ. Но веројатно нивните чувства не се толку важни.“). Во одредени моменти кај овие телевизии, известувањето преминуваше и во позитивно-заштитничко (Сител: 16 февруари: „Лидерот на ДУИ побара од СДСМ писмена понуда за коалиција а на тоа доби лична закана од функционерот на СДСМ Павле Богоевски“) и пофално за работата на функционерите на оваа партија (ТВ 21,20 февруари „14 милиони евра за самовработување, може да аплицират активни баратели на работа“; Канал 5, 17 февруари „10 илјади нови работни места - Владата го усвои оперативниот план за 2017 година“.

Во мал број прилози (2) фаворизирачки став изрази МТВ2 преку промовирање на активностите на функционерите од оваа партија (24 февруари: „МОН со успех ги реализирало крајните резултати“).

Телма, 24 Вести, ТВ21 и Алсат М објавија најмногу од неутрално-критичките прилози за партијата ДУИ. Најмногу се критикуваше нејзиното променливо однесување во преговорите за составување влада (Телма, 24 февруари: „Сите чекаат влада, а ДУИ одлучува до каде да влезе во владата“; 24 Вести, 17 февруари: „ДУИ сака да избегне уставни измени, но последиците да бидат како да се отвори Уставот“), како и околу тајноста на преговорите (ТВ21, 21 февруари: „Партиите молчат, јавноста бара одговори, продолжуват преговорите за албанскиот јазик“).




**Приод во известувањето за партијата ДУИ,
функционерите од нејзините редови и за коалициските партнери (13 - 17 и 20 - 24 февруари)**

## *2.2 Приод во известувањето за непартиските субјекти (СЈО, невладини организации, институции)*

Кон непартиските субјекти како Специјалното јавно обвинителство, локалните и државните институции и невладините организации, нема разлика во известувањето во однос на претходниот период, но овој пат поради фокусот на известувањето на преговорите за составување влада,  овие субјекти многу поретко беа застапени во вестите.

Односот кон Специјалното јавно обвинителство остана непроменет, иако оваа институција сега најчесто се споменуваше во прилозите поврзани со неговата работа, а ретко во контекст на тековните политички преговори. И натаму е карактеристично поделеното известување. Провладините медиуми иако објавија малку прилози, го задржаа демонизирачкиот однос, во конкретниот случај кон обвинителките Јанева и Фетаи за нивното однесување на рочиштето за насилствата во општина Центар, каде првообвинет е лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, на кое тие беа казнети со по 2.000 евра заради непочитување на судот (ТВ Нова, 23 февруари: „По вчерашното скандалозно рочиште во скопска единица, Катица Јанева се заканува и со кривична пријава за судијката“; Сител, 23 февруари: „По вчерашната бламажа во судница и директните навреди со кои Јанева и Фетаи го попречија рочиштето за немирите пред општина Центар, специјалната обвинителка продолжува да се заканува со кривични пријави кон судиите“), исто така еднострано се пренесуваат обвинувања дека оваа институција е поврзана со опозициската партија (Сител, 16 февруари: „Со последните јавни пораки на Богоевски од СДСМ, се потврдува тоа дека СЈО е партиски инструмент кој се користи за пресметки со неистомисленици и уцена кон ДУИ“). Канал 5 во ист стил известуваше за работата на СЈО, но не објави ниту една информација за истрагата што ова обвинителство ја спроведува во самата телевизија и во медиумскиот конзорциум МПМ кој важи за близок до власта. Телма известуваше за анкета според која СЈО има поддршка од граѓаните да продолжи со својата работа, додека 24 Вести ја критикува оваа институција поради нејзината затвореност кон јавноста.

Исто така, останува заклучокот дека со работата на државните и на локалните институции најмногу се занимаваат критичките телевизии (24Вести, Телма, Алсат М и ТВ21). Како предмети на критичка опсервација беа Министерството за труд и социјална политика (ТВ21, 14 февруари: „Од Министерството за Социјална работа се уште нема одговор за ефикасноста на регистарот за педофили и зошто две години не ги објавиле осудените лица“), Министерството за образование (Алсат М, 20 февруари: „Работите за УМТ, МОН се правда со кризата. МОН за градење на УМТ се правда со криза, а УМТ се формира во криза“), постоизборните мерки за вработување (24 вести, 20 февруари: „Нови грантови за самовработување. Владините мерки создаваат минус во ПИОМ“), како трошоците за проектот Скопје 2014 (Телма, 16 февруари: „Се што побарала Владата, градот Скопје изградил.

Напаѓачкиот стил на известување кон невладините, граѓанските организации во известувањето најмногу има кај провладините медиуми и тие најчесто се поврзуваат со тн. процес на десоросоизација, кој во овој анализиран период го има многу малку за разлика од претходниот  (Сител, 16 февруари: „Од вчера под силен напад на соросоидите и социјалдемократскиот сојуз на Македонија е актерот Владо Јовановски за кого тие сакаат да создадат лажна слика дека повикува на војна“). Канал 5 извести за активности кои се преземаат во странство со кои се прикажува оправданоста од негативната кампања за оваа фондација и нејзиниот основач што ја промовира ВМРО ДПМНЕ (15 февруари: „Фокс њуз: Овој човек е „пајак“ со големо влијание на интернет“; 20 февруари: „Главниот советник на Трамп најави борба против Сорос во САД, Унгарија и Македонија“). Телевизијата Алфа без ограда ги пренесе ставовите од авторската емисија „Во центар“ што се емитува на телевизијата Канал 5 (21 февруари: „Се отплеткува мрежата на „Невладини“ и начинот на кој тие под капата на Сорос и УСАИД функционираат во Македонија“). Последниот ден од следењето на известувањето се појавија поинакви граѓански движења чии ставови овие медиуми ги фаворизираа (Сител, 24 февруари: „Инаку, десетици патриотски организации, граѓански иницијативи и бројни интелектуалци се мобилизираат против федерализацијата на Македонија, откако на повидок е погазување на волјата на македонскиот народ и коалиција помеѓу ДУИ и СДСМ“).





# АНАЛИЗА НА ПОЕДИНЕЧНИ ТЕЛЕВИЗИИ

МРТ 1

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
# ПРВ СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Македонската телевизија на својот прв програмски сервис во известувачкиот период објави вкупно 86 прилози на актуелни теми од политичките случувања. Најмногу од нив (27) се за преговорите за формирање влада, потоа по 14 прилози за работата на јавните институции и владините проекти, а7 прилози- за работата на СЈО. По 5 прилози се објавени за промовирањена владини проекти од партиите, за партиски реагирања на разни теми (здравство, загадувањето) и за редовните активности на функционерите во Владата. Натаму, 3 прилози се за состојбите во економијата, еден за организирање на изборите, односно за истрагата за финансирање на кампањата и еден за состојби во образованието.




**Број на прилози според теми на телевизијата МТВ 1 (13-17 и 20-24 февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

За најзастапената тема во мониторираниот период, МТВ 1 во вестите известуваше преку пренесување на ставовите на субјектите вклучени во преговорите за составување влада (13 февруари „Политика: Продолжуваат партиските тактизирања“), реакциите на домашните и меѓународните претставници (14 февруари „Политика: Партиите размислуваат, дипломатите апелираат“), како и за настаните кои се надоврзуваа на оваа тема, како што се протестите на здружението „За заедничка Македонија“ (24 февруари „Скопје: Марш за завет за Македонија“). Во ниту еден од овие прилози не се фаворизира став на одреден субјект.

Голем дел од информативниот простор во централниот дневник е за промовирање на владини проекти за инфраструктурни вложувања, нови лекови, бенефиции за одредени категории граѓани и економски успеси (13 февруари „Здравство: Реконструкција на велешката општа болница“, 15 февруари „Здравство: Нови лекови за рак и хепатитис“,17 февруари „Индекс на економски слободи: Македонија на врвот со европските држави“).

Од редовните активности на јавните функционери се следеше традиционалното учество на претседателот Ѓорге Иванов на одбележувањето на празникот Свети Трифун, посетата на министерката за култура Елизабета Канчевска Милевска на Берлин итн. Редовно се пренесуваа сите информации за работата на СЈО, односно за рочиштето за предметот за насилствата во општина Центар и за средбата на Јанева и првиот човек на Советот на јавни обвинители за случајот „Пуч“.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во централните информативни изданија на МТВ 1 во мониторираниот период беше СДСМ (41 прилог), имајќи предвид дека оваа партија заедно со ДУИ беа најекспонирани во преговорите за составување влада. Втор најзастапен субјект се функционерите во власта од ВМРО ДПМНЕ (34) и уште 32 прилози каде како субјект сепојавува партијата ВМРО ДПМНЕ. ДУИ е субјект во 24 информации, додека останатите партии имаат незначително присуство во прилозите. Од непартиските субјекти најчесто се појавува СЈО (13 прилози), Јавното обвинителство во 8 и јавните институции и НВО и фондациите во по 6 прилози.




Приод во известувањето кон политичките субјекти на МТВ 1 (13 - 17 и 20 - 24 февруари)

Основна карактеристика на вестите во централното информативно издание на првиот програмски сервис на Македонската телевизија е едноставното (стерилно) известување, без навлегување во темите од јавен интерес и критичка опсервација, ниту пак доминира некој став на одреден субјект над другите. Телевизијата само ги пренесува ставовите на обете засегнати страни (13 февруари „ВМРО ДПМНЕ: Докази до ОЈО за Струмица Гас“ 13 февруари „ЈП Струмица Гас:Лажни се тврдењата на Васил Пишев“,17 февруари „ВМРО ДПМНЕ: Заев е подготвен на секакви пазарења“, 17 февруари „СДСМ: Македонија ќе биде правна држава“)

Во ретките примери на пристрасно известување (10 прилози) се фаворизира работата на функционерите од ВМРО ДПМНЕ во власта (15 февруари „Образование: Зголемен интерес за програмата „Хоризонт 2020“, 16 февруари “Здравство: Нови лекови за рак и хепатитис“), но и на партијата, преку промовирање на партиски проекти (14 февруари „ВМРО ДПМНЕ: 33 милиони евра за набавка на здравствена опрема“, 20 февруари „ВМРО ДПМНЕ: Приоритет здравствената инфраструктура“). Во два прилози новинарот со пофален тон известува за оценките на американската фондација Херитиџ за достигнувањата на државата во однос на економските слободи (17 февруари „Индекс на економски слободи: Македонија на врвот со европските држави“). Фаворизирачко известување има и во прилогот за индивидуалните и групните советувања на учениците и родителите од страна на педагошките служби во училиштата, каде тие се претставуваат како решение за проблемите во училиштата (13 февруари „Образование: 5.176 советувања на родители на ученици“).

Единствениот прилог со демонизирачки став кон некој субјект е за СЈО, каде во негативен тон се оценува настапот на обвинителките Јанева и Фетаи на рочиштето за случајот со насилствата во општина Центар каде прво обвинет е екс премиерот и лидер на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски (22 февруари „И после казните обвинителките продолжија со навредите кон судијката-дека нема елементарно познавање на правото и не заслужува да биде судија“).



МРТ 2

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
# ВТОР СЕРВИС

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во десетте мониторирани изданија на дневникот на албански јазик на својот втор програмски сервис, Македонската телевизија објави вкупно 115 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјата. Темите поврзани со разговорите околу формирање нова влада беа најзастапени (39 прилози), а по нив следуваше следењето на работата на државните и на локалните институции (26 прилози) и работата на Специјалното јавно обвинителство (12 прилози).




**Број на прилози според теми на Македонската телевизија, втор програмски сервис (13 - 17 и 20 - 24 февруари)**





| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Телевизијата коректно и непристрасно известуваше за текот на разговорите меѓу СДСМ, ДУИ и други партии во врска со формирањето парламентарно мнозинство и избор на нова влада, за реакциите на овој процес од ВМРО-ДПМНЕ и од меѓународни претставници, како и за други аспекти на оваа тема. Во врска со работата на институциите се следеше работата на правосудните органи, проблемот со загадувањето, јавниот превоз и други. Се известуваше и за судските случаи поврзани со предметите на Специјалното јавно обвинителство и за реакциите во врска со нив, во прв план за рочиштето во врска со протестите и демолирањето на бараките на општината Центар, во кое обвинет е лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Во ова информативно издание беа објавени и девет прилози за проекти и мерки на Владата во инфраструктурата, здравството и во други области, без да се земе во предвид фактот дека во времето на емитување земјата беше во постизборен транзициски период, што ги ограничува можностите на јавните функционери да најавуваат нови мерки и проекти.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Партијата ДУИ беше во центарот на вниманието на јавноста во преговорите за формирање влада, а нејзините функционери имаа свои редовни и други активности во постојната влада, поради што таа беше најзастапен политички субјект во вестите, со 73 информации објавени во врска со нив. За СДСМ се објавија 59 информации, а за ВМРО-ДПМНЕ и за функционерите од оваа партија, 50. Од другите партии позастапени беа Беса (18 информации) и Алијансата за Албанците (11 информации), како фактори што влијаат врз формирањето влада. Кај непартиските субјекти доминираше СЈО со 33 информации. Во однос на содржината, ничии политички ставови не доминираат над другите, а појавите на фаворизирање нечии гледишта се инцидентни.




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на Македонската телевизија, втор програмски сервис (13-17 и 20-24 февруари)**

Во мал број случаи во вестите беше изразен фаворизирачки однос кон функционери на ВМРО-ДПМНЕ (14 февруари: „Мисајловски: продолжуваат инвестициите во патната инфраструктура"), пред се преку пренесувањето информации за мерки и проекти на Владата најавени по изборите, додека се чека нов владин кабинет. Во помал број случаи таков однос беше изразен кон ДУИ (24 февруари: „ МОН со успех ги реализирало крајните резултати"). Но, кон овие две партии беше повремено изразуван и критички однос (23 февруари: „Муслиу за изјавите на ВМРО-ДПМНЕ: дефокусирање, ја претвора политичката битка на етничка"). Предмет на критичка опсервација во мал број прилози беа и институциите, и тоа локалните (14 февруари: „Светската здрасветна организација: Тетово на првото место за загадување") и судските (21 февруари: „Промени во кривичниот суд, „непослушените" се носат кај прекршоците"). Во најголемиот број прилози не беше изразен никаков однос кон политичките субјекти и само се пренесуваа информациите во врска со нивните активности.



# СИТЕЛ

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Сител во известувачкиот период објави 132 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјава. Во информативните изданија на оваа телевизија доминираа темите поврзани со формирањето нова влада (51 прилог), а сите други теми беа барем трипати помалку застапени. Во врска со проектите и мерките на Владата беа објавени 15 прилози, за состојбите во економијата 12 прилози, а другите теми беа помалку застапени.




**Број на прилози според теми на телевизијата Сител (13-17 и 20-24 февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Во врска со најзастапената тема, се емитуваа информации и анализи поврзани со различни аспекти од процесот на формирање влада, и тоа известувања од меѓупартиските средби и внатрепартиските состаноци кај СДСМ и ДУИ како главни протагонисти, пренесени реакции од партијата ВМРО-ДПМНЕ, анализи според кои формирањето влада предводена од СДСМ ќе има негативни последици врз земјава (23 февруари: „Со договорот помеѓу СДСМ и ДУИ Македонија станува двојазична држава според Зоран Заев. Но ова е спротивно на Уставот и во ваков случај следат судски и политички чекори“), пренесени пораки од меѓународните претставници, како и известувања за подготовките за протести и за првите протести против таа влада.

Што се однесува до втората најзастапена тема, проектите и мерките на актуелната Влада, се ивестуваше за нови мерки и инвестиции во здравството, патната инфраструктура, образованието, како и за новите мерки за поттикнување на вработувањето. По подолго време повторно беа забележани прилози во кои како извор на информации за новите мерки и проекти беше користен лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски преку неговиот фејсбук-профил, со што се замаглуваше линијата меѓу државата и партијата на власт.

Од економските состојби, во вестите се известуваше за проекциите на ЕК и на Владата за висок економски раст на земјава, извештајот на фондацијата Херитиџ за раст на економските слободи, пофални прилози за економските успеси на партијата ВМРО-ДПМНЕ (17 февруари: „Невработеноста во Македонија е 23 проценти, што е рекордно ниско ниво, особено во однос на 2006 година кога ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски ја преземаа власта со невработеност од 38 проценти), негирањето на Владата дека му должи на стопанството, и за нови странски инвестиции.

Работата на Специјалното јавно обвинителство беше малку застапена, со информации во врска со откажувањето од случајот „Пуч“ и со првото рочиште за насилните протести во општината Центар. Телевизијата, во многу помал обем, продолжи да известува за т.н. десоросоизација, пренесувајќи информации за сенатори и конгресмени на САД што бараат одговори од американскиот амбасадор во земјава Џес Бејли за тоа како се трошеле парите на САД за граѓанското општество. Се известуваше и за телевизиски интервјуа и емисии поврзани со влијанието на Сорос во Македонија.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Како партија што ја имаше главната улога во процесите за формирање нова влада, СДСМ беше најзастапен политички субјект во вестите со 80 информации објавени за него. По оваа партија следуваа ВМРО-ДПМНЕ со 73 информации, ДУИ со 50, а од помалите партии беше застапена коалицијата Алијанса за Албанците, со 8 објавени информации за неа. Од непартиските субјекти, во информативните изданија на Сител во мониторираниот период, најзастапени беа невладините организации и фондации со 22 објавени информации, како и Специјалното јавно обвинителство со 13 информации.

Во вестите на Сител е јасно изразен фаворизирачкиот однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ, нејзините функционери во актуелната влада и кон коалициските партнери (во 51 од 73 прилози се изразува таков однос), како и негативен и демонизирачки однос кон СДСМ и коалицијата (во 57 од 80 објавени информации). Демонизирањето е карактеристично и за прилозите во врска со СЈО и со граѓанските организации, а поретко се сретнува и во други случаи.

Демонизирањето на СДСМ во најголемиот број случаи се изразуваше преку информациите за можноста СДСМ да формира влада, сценарио што се претставуваше како апокалиптично за државата (17 февруари: „Согласно досегашното однесување да се добие власт по секоја цена, се очекува Заев да го прифати предлогот на Ахмети, но како ќе се решат барањата за промена на грбот и знамето на државата, како и солободувањето на злосторниците обвинети за убиството кај Смилковско езеро, кумановско Диво насеље и Бродец“; „СДСМ може да биде власт, но ако го прифати тоа што ДУИ го нуди тоа ќе биде последна македонска власт, порачуваат некои други експерти“). Ова известување беше систематско и можеше да се забележи

секојдневно во текот на известувачкиот период (22 февруари: „Според експертите, ситуацијата и денеска е иста. СДСМ е спремен да даде се за власт, а Албанците, искусно тоа го пакуваат во платформа и чекор по чекор ги реализираат своите цели“). Партијата беше претставувана како предавничка (23 февруари: „Со само една победа на изборите СДСМ има власт повеќе од десет години во оваа држава, се работи за извршната власт. Како што сега го гледате ова, во 1995 година беше продадено знамето и беше продадено уставното име заради кое ние и ден денес не можеме да бидеме членка ни на НАТО и на ЕУ. Каков ќе биде одговорот на најновата продажба?“) и се повикуваше таа законски да одговара (23 февруари: „Со договорот помеѓу СДСМ и ДУИ Македонија станува двојазична држава според Зоран Заев. Но, ова е спротивно на Уставот и во ваков случај следат судски и политички чекори“). Негативниот однос кон партијата беше присутен и во други случаи, како во известувањето за истрага на обвинителството (13 февруари: „СДСМ и Зоран Заев под истрага на Основното јавно обвинителство за незаконско финансирање на изборната кампања“) и во шпекулативни прилози за наводни внатрепартиски поделби за кои нема никаква потврда (16 февруари: „Сител дознава: откако увидоа дека Црвенковски не се враќа во политиката, членови и симпатизери формираа иницијатива за спас на СДСМ. Заев како премиер ќе ја уништи Македонија, порачуваат иницијаторите. Од СДСМ велат дека раководството е со Заев“).

Фаворизирачкото известување за ВМРО-ДПМНЕ се вршеше главно преку претставување на партијата како заштитник на националните интереси (13 февруари: „ВМРО-ДПМНЕ веќе одлучи дека за нив инсталирањето на двојазичност на целата територија е неприфатливо; 14 февруари: „Но, за промена на највисокиот правен акт потребна е согласноста и на ВМРО-ДПМНЕ. Од таму јасен став. Промена на Уставот нема да дозволиме“), кое што се повторуваше низ целиот мониториран период (23 февруари: „Од партијата која го претставува мнозинството Македонци вчера со став дека остануваат на браникот на државата и дека нема да дозволат македонските граѓани да останат без право на глас во сопствената држава“). Од другите начини на претставување на партијата во позитивно светло се издвојуваа промоциите на владините проекти (14 февруари: „Изградба на рекорден број патишта годинава најави министерот Мисајловски; 17 февруари: „Нови 10 илјади вработувања со оперативниот план за вработување. Владата усвои 22 мерки и програми кои треба да ја намалат невработеноста“) и на владините ставови во врска со економските состојби (14 февруари: „Ова е доказ дека владините економски политки ги даваат потребните резултати дури и во услови на поли-






**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Сител (13-17 и 20-24 февруари)**

тичка криза, а приватниот сектор има капацитет да продлжи да вработува"). Во дел од овие објави како извор беше користен лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, со што се замаглуваше линијата меѓу партијата и државата (15 февруари: „Нов водовод за Гевгелија и Богданци. Реализирано уште едно ветување од програмата. Наш приоритет се граѓаните, напиша лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски на фејсбук"). Партијата се фаворизираше и преку еднострано пренесените обвинувања што ги пласираше (15 февруари: „ВМРО-ДПМНЕ денеска обвинува дека Зоран Заев со народни пари ги наградува своите сопартијци и блиски роднини"). Во дел случаи и самите новинари и даваа позитивни квалификации (24 февруари: „ВМРО-ДПМНЕ, според членството и структурата, е најголемата и најорганизирана партија во Македонија. На последните избори доби најголема поддршка кај граѓаните освојувајќи над 450.000 гласови").

Интересен беше односот кон ДУИ кој повеќе пати беше демонизирачки (23 февруари: „ Во иднина ДУИ ќе ја контролира полицијата, царината, здравството, УЈП, правдата, практично со само 80 000 гласови и 10 пратеници ќе ги контролира сите безбедносни и главните јавни и финансиски ресори на државата"), но во некои моменти преминуваше во позитивен, односно заштитнички (16 февруари: „Лидерот на ДУИ побара од СДСМ писмена понуда за коалиција, а на тоа доби лична закана од функционерот на СДСМ Павле Богоевски").

И во овој мониториран период се повторуваше напаѓачкиот однос кон граѓанското општество (16 февруари: „Од вчера под силен напад на соросоидите и социјалдемократскиот сојуз на Македонија е актерот Владо Јовановски за кого тие сакаат да создадат лажна слика дека повикува на војна"), се до последниот ден, кога се појавија поинакви граѓански движења чии ставови медиумот ги фаворизираше (24 февруари: „Инаку, десетици патриотски организации, граѓански иницијативи и бројни интелектуалци се мобилизираат против федерализацијата на Македонија, откако на повидок е погазување на волјата на македонскиот народ и коалиција помеѓу ДУИ и СДСМ").

Иако имаше мал број прилози за Специјалното јавно обвинителство, немаше промени во демонизирачкиот однос кон оваа институција (23 февруари: „Специјалната обвинителка Катица Јанева во скандалозна изјава за Дојче веле упатува закани кон судската власт.По вчерашната бламажа во судница и директните навреди со кои Јанева и Фетаи го попречија рочиштето за немирите пред општина Центар, специјалната обвинителка продолжува да се заканува со кривични пријави кон судиите")

Единствениот пример со елементи на неутрална критичка опсервација, во кој се разгледуваа различните аспекти на една појава, не се однесуваше на конкретен политички субјект, туку на општата состојба (15 февруари: „Албанските партии обединети, македонските подалеку од било кога. Дали македонска платформа ќе ги заштити националните интереси или ќе ја продлабочи кризата").

## 3. НЕГАТИВЕН ГОВОР КОН ПОЕДИНЦИ И ГРУПИ

Забележан е негативен говор кон новинарот Бранко Героски преку пренесена реакција на негов текст од Социјалистичката партија на Македонија, во која новинарот дава и свои забелешки (16 февруари: „Бранко Героски со политички изместена диоптрија истапува со грст квалификации и инсинуации, стои во писмената реакција на вчерашната колумна на соросоидот и медиумскиот стратег на СДСМ Бранко Геровски").

Забележана е и стереотипизација на етничка група преку обид за анализирање на бројноста на Албанците без конкретни податоци, туку со паушални заклучоци (22 февруари: „Актуелните демографски поместувања, пред се масовното иселување на Албанците и напуштање на традицијата на многудетно семејство, ја прават речиси извесна можноста по следниот попис Албанците да паднат под 20 отсто, а со тоа да загубат и голем број права кои овој нивни процент им ги гарантираше со Рамковниот договор").


ON THE AIR

# ТЕЛМА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во текот на известувачкиот период на телевизијат Телма беа објавени 96 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјава. Доминираше темата за формирањето влада (40 прилози). Но, во значителена мера се известуваше и за работата на јавните институции (17 прилози) и за активностите на Специјалното јавно обвинителство (18 прилози). Другите теми беа поретко застапени.




**Број на прилози според теми на телевизијата Телма (13-17 и 20-24 февруари)**





| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Во врска со преговорите за формирање влада, редовно и интензивно се известуваше за активностите на СДСМ и на ДУИ како директно вклучени партии, потоа за реакциите од ВМРО-ДПМНЕ и за пораките од претставници на меѓународната заедница. Главно се пренесуваа информациите за најновиот развој во овој процес, без поголеми новинарски интервенции, со исклучок на аналитичките најави за емисијата „Топ тема“.

Следењето на работата на јавните институции во насока на остварување и заштита на јавниот интерес, и натаму е една од главните карактеристики на информативното издание на овој медиум. Се известуваше за работата на судските органи, проблеми во образованието, вработувања во јавни претпријатија, трошоците за проектот „Скопје 2014“, обезбедувањето лекови за болните и за други теми.

Се известуваше за анкета според која СЈО има поддршка од граѓаните да продолжи со својата работа, потоа за разговорите меѓу СЈО и Советот на јавни обвинители во врска со случајот „Пуч“, за судењето во врска со предметот за насилниот инцидент во општината Центар што го води ова обвинителство, како и за други истраги на специјалното обвинителство и за проблемите на кои тоа се жали.

## 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапени политички субјекти во мониторираните информативни изданија на телевизијата Телма беа ДУИ (56 информации) и СДСМ (55 информации) како партии што водеа преговори во врска со формирањето нова влада. Партијата ВМРО-ДПМНЕ, заедно со нејзините јавни функционери, беше присутна во 47 објавени информации. Од другите партии почесто се среќаваа Алијансата за Албанците (16 информации) и Беса (11 ин-




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Телма (13-17 и 20-24 февруари)**

формации). Од непартиските субјекти, пак, најприсутни беа државните и локалните институции (52 информации) и Специјалното јавно обвинителство (34 информации). Од аспект на содржината, во вестите на Телма не доминираат гледиштата на ниту една политичка партија во однос на другите.

За партијата СДСМ се известуваше коректно и непристрасно, главно во врска со нејзините активности во процесот на преговори за состав на нова влада (23 февруари: „ Заев најавува влада за две недели"). Кон оваа партија беше забележан единствениот случај на фаворизирачко известување во мониторираниот период (15 февруари: „СДСМ се наметна како фактор на промени и на обединување. Тоа гледано во контекст на објавените прислушувани разговори и националистичките наративи на партиите на Албанците, е причината што голем број Албанци се повеќе се определуваат за СДСМ, вели граѓанскиот активист Мариглен Демири").

Се пренесуваа и информациите во врска со активностите и позициите на ВМРО-ДПМНЕ (21 февруари: „Од ВМРО ДПМНЕ пак сметаат дека СДСМ врши континуиран притисок врз судството") и кон оваа партија не се изразуваше ниту фаворизирачки, ниту демонизирачки однос. Но активностите на јавните функционери од оваа партија беа критички опсервирани, како изјавата на министерот за финансии Кирил Миновски дека државата нема долгови кон стопанството (21 февруари: „Ако државата навистина нема долгови кон стопанството, надлежните нека излезат јавно и тоа тврдење нека го документираат, упатуваат дел од менаџерите, откако вчера МФ уверуваше дека навремено ги финансира обврските кон домашните компании") или министерот за одбрана Зоран Јолевски во врска со состојбите во армијата (24 февруари: „Министерот за одбрана ги претстави новите униформи за офицерите, но на свеченоста не дојде раководството на армијата која треба да ги носи. Шпекулациите се дека началникот и заменикот се револтирани од лошата состојба на војската , а официјалното објаснување за отсуството е дека биле зафатени").

Кон партијата ДУИ беа изнесени критики за нејзиното променливо однесување во преговорите за составување влада (24 февруари: „Сите чекаат влада а ДУИ одлучува до каде да влезе во владата. Дали само со пратениците или целосно со министри и сиет други функционери. Целта им е како што велат новата власт да го преиспита нивното досегашно владеење без тие да попречуваат").

Најчест предмет на критичка опсервација беше работата на државните и на локалните институции, и тоа во врска со проблеми во образованието (13 февруари: „Доцнат стипендиите за дел од студентите кои на универзитетите во странство заминаа преку програмата Еразмус плус"), со постизборните вработувања во јавниот сектор (15 февруари: „Распишани се нови огласи за вработувања во неколку јавни претпријатија. Стручњаците велат дека овие вработувања не се незаконски , но треба да се има предвид дека сегашнаа техничка влада не се воздржува од нови вработувања"), за трошоците за проектот Скопје 2014 (16 февруари: „Се што побарала Владата, градот Скопје изградил. Потрошил 27 милиони евра од буџетски дотации, со 95 проценти реализација на плоштади и барокни фасади, само во 2016 година, стои во извештајот на град Скопје за буџетот. Најмалку пари градот трошел за заштита на животната средина"), како и за проблемите со квалитетот на изведбата на објектите од овој проект (24 февруари: „Прокисна покривот на новиот театар. Објектот кој чинеше 40 милиони евра пропушти вода, а одговорност никој не презема. Архитектот смета дека тој нема никаква поврзаност со настанот, туку фирмата Бетон Штип, која го градеше. Директорот на театарот пак молчи, иако во јавноста се појавија скандалозни прикази на најлони спрострени на подот на раскошниот објект"). Посебно нагласен беше критичкиот однос кон судските органи, особено во врска со прераспоредувањето на судиите што соработувале со Специјалното јавно обвинителство (21 февруари: „Група судии во кривичниот суд се прераспоредени во други оддели на судот каде ќе немаат допир и контакт со предметите на СЈО. Се работи за судиите кои досега одлучувале во корист на СЈО односно потпишувале налози за претрес и одредувале притвор за актуелни и поранешни функционери").

# 24 ВЕСТИ

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во текот на известувачкиот период на Телевизија 24 беа објавени 136 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјава. Две теми беа доминантни со речиси идентичен број прилози: формирањето влада (36 прилози) и работата на државните и јавните институции (34 прилози). Потоа следува работата на Специјалното јавно обвинителство (17 прилози), реакциите на јавни личности на политичката ситуација во земјата (Разно) – 16 прилози, економската ситуација (10 прилози), 6 прилози за организација на изборите (финансирање на изборната кампања), задолжувањето (5 прилози) и исто толку прилози кои се однесуваа не некој владин проект или иницијатива.




**Број на прилози според теми на телевизијата ТВ 24 (13-17 и 20-24февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Во врска со преговорите за формирање влада, телевизијата известуваше интензивно за редовните средби меѓу актуелните преговарачи - СДСМ и ДУИ иза пораките од меѓународната заедницаианалитички се осврнуваше на оваа тема преку пренесување различни ставови. Во тој контекст беше и известувањето за реакциите на МПЦ и протестите на граѓанското здружение „За заедничка Македонија“ и анализата за неизвесноста од одржувањето на локалните избори во април при што се критикуваше потегот на ДИК за враќање на фантомските гласачи избришани од Избирачкиот список лани (21 феваруари „Висат на конец локалните избори во април“). Телевизија продолжи со редовно следење на работата на јавните институции и обемно известуваше за проблемите во судството, јавните претпријатија (штрајкот на Македонски железници),вработувањата на ранливи групи,набавката на лекови и друго. Од работата на СЈО, во вестите се известуваше за истрагата во двете медиумски куќи МПМ и ТВ Канал и во РЕК Битола, за судењето за насилтвото во општина Центар и за случајот „Пуч“, како и за извештајот на Амнести интернешенал кој се занимава со блокадата на Обвинителството. Телевизијата сеопфатно информираше и за економските случувања, главно во контекст на политичката криза, како што се блокираните субвенции и туризмот, странските инвестиции и во таа линија и состојбата со задолжувањето.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во најмногу од прилозите како субјект се појавува СДСМ(во 70 прилози) и функционерите на ВМРО ДПМНЕ (во 61 прилог), по што следуваат ДУИ (47) и ВМРО ДПМНЕ (46 прилози). Останатите партии се со 11 (Алијанса за Албанците), 5 (Беса), 8 функционери на ДУИ. Од непартиските субјекти, најзастепаен е СЈО (54 прилози), локалните и државните институции (42), невладините здруженија (22), ЈО (14), Претседател на државата (12) и други.

Телевизијата критички од неутрална позиција ги опсервира состојбите во голем број




Приод во известувањето кон политичките субјекти на Телевизија 24 (13-17 и 20-24 февруари)

теми за кои известува.Критичкиот однос се изразува кон различни субјекти, пред се кон институциите (14 прилози): 16 февруари „Црни дамки во Охридското езеро - Дали е нафта или растенија?“ 20 февруари „Нови грантови за самовработување. Владините мерки создаваат минус во ПИОМ“) и кон функционери од ВМРО ДПМНЕ(4 прилози): 13 февруари „Се крчка нова влада, техничката се уште реализира тендери“,13 февруари „Ново задолжување за раздолжување“, 15 февруари „Жестоки реакции по одлуката за изградба на базен во Шуто Оризари“. Посебно критички аруменитирано телевизијата известува за фактот што Министерството за земјоделство не ја забранило употребата на истибањските извори за населениеиот иако тие се загадени со арсен (14 февруари „Делев: Отровен арсен содржи водата од истибањските извори“). Влијанието на партијата ВМРО ДПМНЕ се посочува како причина за смените во Кривичниот суд (21 февруари „ Тектонски ротации го тресат Кривичен Суд... Дали во кривичен суд се прави „чистка“ на „неподобни“ судии?“).Телевизијата аргументирано ја критикува и затвореноста на оваа партија кон медиумите, во случајот со хипотеката врз партиската зграда ( 16 февруари „Тој не одговори на прашањето колкава е вистинската вредност на зградата, ниту пак на прашањето дали хипотеката е обид да се заштити партиското седиште од евентуално заминување во опозиција“) и за поврзаноста со телевизјата Канал 5 во рамки на истрагата на СЈО за финансирање на кампања (21 февруари „Големите разлики меѓу отстапениот простор за рекламирање, дадените попусти и ненаплатените побарувања во јавноста ја отвараа дилемата за законитоста на донациите на оваа политичка партија“).

При известувањето за Специјалното јавно обвинителство забележани се и двапримери на фаворизирање (20 февруари„Наспроти ваквата практика од СЈО иако ги води постапките според законот, се соочува со постојана опструкција и неуважување на нивните барања“), при што се критикуваат нападите за неговата работа, а се известува за меѓународните препораки за негова поддршка (13 февруари „Новиот германски претседател беше активно заинтересиран за македонската политичка криза“, 20 февруари „Нови апели за формирање на реформска влада и поддршка на СЈО“). Но исто така затвореноста кон јавноста во однос на некои истраги е предмет на критичко известување кон оваа институција 20 февруари “Јанева на кафе во советот за јавни обвинители: Испија кафе и се огласија“, 21 февруари „Истрага во Канал 5?: Дали и изборните донации на медиумите се дел од истрагата која веќе СЈО ја води за финансирање на кампања?“).

Во еден од трите прилози за владини проекти, забележан е фаворизирачки однос кон функционери од ВМРО ДПМНЕ, преку истакнување на мерката како позитивен пример на работа на државна институција (23 февруари „Владата со мерки за самовработување“).

Во прилогот каде се опсервира прашањето за одржувањето на локалните избори годинава, Телевизијата ја критикува ДИК поради тоа што во Избирачкито список ќе ги враќа 30 те илјади спорени гласачи избришани за изборите на 11 декември лани, поради пропусти во Законот (21 февруари „Висат на конец локалните избори во април?“).

Известувањето за активностите на партијата СДСМ во најголем случај се сведува на пренесување на ставовите на партијата преку соопштенија, или преку изјави на нејзините претставници. Во два случаи еднострано се пренесува ставот на оваа партија, без да се побара одговор од власта чија политика се критикува (15 февруари „Шилегов: Власта не исплаќа субвенции“, 16 февруари „СДСМ во градот Скопје ќе го прекине „Скопје 2014“).

Партијата ДУИ се критикува(во 5 прилози) за нејзиното однесување во преговорите за составување влада (16 февруари „Поделеноста на партијата беше видлива и на денешното одбележување на годишнината од конфликтот во 2001-та на кој не се појави потпретседателската тројка“, 17 февруари „ДУИ сака да избегне уставни измени, но пследиците да бидат како да се отвори Уставот“, 20 февруари „И денарот да стане двојазичен. ДУИ ги крена барањата за употребата на јазикот“). Во контекст на составувањето нова влада, телевизијата ги критикува и постапките на Претседателот на државата поради молкот од оваа институција за доделување на мандатот (23 февруари „Дали ќе му го додели мандатот на Заев или повторно ќе се наврати на неодамна поставените барања, покрај потписите во програмата да има точки за заштита на државните интереси и националната безбедност“).

# КАНАЛ 5

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Канал 5 во мониторираниот период објави вкупно 140 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјата. Најголемиот број од нив се однесуваа на преговорите за формирање нова влада (34 прилози), работа на институциите (23), проекти на Владата (19), реакции на политичките партии за различни теми како здравство и загадувањето (16), за работата на СЈО (10), за организација на изборите (истрага за финансирање на кампањата) 6 прилози, редовната работа на финкцинерите (5 прилози), промовирање на проекти од страна на политички партии, двојазичноста и образованието по 4 и други теми.




**Број на прилози според теми на Телевизија Канал 5 (13-17 и 20-24 февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Во врска со преговорите за формирање нова влада се известуваше за средбите меѓу партиските претставници и нивните ставови, пораките од меѓународната заедница, како и за писмото со кое група интелектуалци Албанци побараа од ДУИ да не коалицира со ВМРО-ДПМНЕ. Се известуваше за тековните проекти на Владата (16 јануари: „Клиниката за токсикологија доби нова опрема“), но и за проектите што се во најава (17 јануари: „140 милиони евра ќе се инвестираат во капитални проекти за водостопанство“), како и за отчетите што ги даваа повеќемина градоначалници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, заедно со најави за нови проекти (24 јануари: „Трајановски 2016 ја оцени за успешна година за градот, со реализирани проекти во сите 10 општини на територијата на Скопје, со кои значително ќе се подобри животот на граѓаните“). При известувањето за проектите и за мерките, се изостави фактот дека земјата беше во транзициски период во кој не можеше со сигурност да се потврди дека министрите ќе останат на своите позиции да ги спроведат најавените политики, како и дека истекува мандатот на локалната самоуправа, поради што ниту градоначалниците не можат да дадат најави за целата година, освен како предизборни ветувања. Напротив, кон најавите се пристапуваше како кон нешто што со сигурност ќе се реализира.

Од редовните активности на јавните функционери се известуваше за посетата на претседателот Ѓорге Иванов на Египет, активностите на градоначалниците за расчистувањето на снегот, информациите од министеорт за здравство Никола Тодоров во врска со справувањето со грипот, честитките од државниот врв по повод верскиот празник Водици и друго. Меѓу почесто застапените теми беше и информирањето за обраќањата на политичките партии. Но се информираше претежно за прес-конференциите на ВМРО-ДПМНЕ на кои тие ги претставуваа проектите од својата предизборна програма (повторно без ограда дека тоа е нешто што можеби ќе се реализира ако партијата состави влада), потоа за бројни забелешки што советничката група на ВМРО-ДПМНЕ во општина Центар ги имаше за работата на градоначалникот Андреј Жерновски (најчесто со реакција од општината), а се емитуваа и неколку обраќања на СДСМ во врска со проблемите во зимското одржување на улиците, со условите во кои работи армијата и со други теми.

Во известувањето за темата десоросоизација се фаворизираше овој процес најавен од ВМРО-ДПМНЕ. Повеќето прилози што се однесуваа на работата на СЈО беа реакции на ВМРО-ДПМНЕ или на нејзините коалициски партнери во врска со одлуката на ова обвинителство да се повлече од случајот „Пуч“, во кој лидерот на опозицијата Зоран Заев беше обвинет за обид за незаконско преземање на власта.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Во мониторираниот период најзастапен субјект во прилозите на оваа телевизија е СДСМ (106 прилози), потоа ВМРО ДПМНЕ (70 прилози), функционерите на ВМРО ДПМНЕ (56 прилози), ДУИ (44). Од другите партии само Алијансата за Албанците (9) и Беса (5) беа позначително застапени. Од непартиските субјекти, најмногу се известуваше за локалните и државните институции (31 инфомација), СЈО (17 информации) и за невладините организации (12 информации). Забележителен изразен фаворизирачки однос во известувањето за ВМРО-ДПМНЕ и функционерите (36 прилози вкупно), а демонизирачки во известувањето за СДСМ (28 прилози).

Фаворизирачко известување за ВМРО-ДПМНЕ, односно за функционерите од ВМРО ДПМНЕ беше преку едностраното пренесување информации од прес конференции или соооштенија со обвинувања кон некој друг субјект (13 февруари „Пишев: На коруптивните тендери на Заев, мора да им се стави крај, ОЈО да покрене постапка“). Други вид на фаворизирачко известување се пропагандите прилози за успесите на владината политика, што ја спроведуваат функционери на ВМРО ДПМНЕ (13 февруари „Македонија одигра клучн улога во справувањето со илегалната миграција. Успеавме на Европа да и го испорачаме она што и требаше и онолку колку што мислеше дека и е доволно“,13 февруари „Зголемен бројот на туристи кои ја посетила земјава преки проекти владините мерки за подршка и промоција на туризмот континуирано бележат нагорен тренд“). Телевизијата објави и еден критички прилог за ВМРО

ДПМНЕ во однос на политичката криза, каде на оваа партија и се забележува што “Два месеци по изборите државата е без влада (13 февруари). Во едностраното известување од прес конференција на СДСМ се упатуваат негативни критики на работата на функцинери од ВМРО ДПМНЕ (17 февруари „СДСМ: Избрзаната реконтсрукција ги остави средношколците без струја“)

Известувањето за партијата СДСМ доминантно е демонизирачко и тоа на повеќе начини. Еден од нив е едностраното и без ограда пренесување ставови на претставници на ВМРО ДПМНЕ со кои се напаѓа политиката на СДСМ и лично на лидерот на  СДСМ Зоран Заев и членови на неговото семејство (15 февруари „ВМРО ДПМНЕ: Парите од општина Струмица завршуваат кај блиски роднини на Заев“, 22 февруари „Костовски: СДСМ две и пол години Македонија ја држи во заложништво“). Негативниот став кон СДСМ телевизијата го изразува и преку прилози во кои еднострано се пренесуваат пишувања и тврдења на други медиуми со негативен тон за партијата и за нејзините претставници (14 февруари Журнал: Кадриу бил соработник на тајните служби“, 16 февруари „Егзит: СДСМ му се заканува на Ахмети со СЈО“, 20 февруари „Нетпрес: ОЈО води истраги за вице Заев и Оливер Спасовски“).

Телевизијата редовно ги објавува и изјавите на претставници на СДСМ за промовирање на проекти кои беа дел и од изборната кампања (13 февруари „СДСМ: Во училиштата ќе се вработат нови психолози, педагози и дефектолози“, 14 февруари „СДСМ: Секој ден спорт во училиштата“), или се критика работата на локалните или државните институции (17 февруари „СДСМ: Избрзаната реконтсрукција ги остави средношколците без струја“, 20 февруари „СДСМ: Клиниката за гинекологија без БСЖ“) и еден критички во кои се опсервира, но не се демонизра позицијата на оваа партија во преговорите со ДУИ (14 февруари „Што отвора дилемата дали понудените гаранции од Заев значат и де факто прифаќање на платформата на Албанците, што значи целосна двојазичност во државата“).

Во однос на партијата ДУИ, телевизијата главно известуваше коректно, и со повремена критичка опсервација на потезите на партијата во однос на преговорите за влада (16 февруари „ Додека СДСМ ги чекаат потписите,лидерот на ДУИ во Чаир се поклони пред двоглавиот орел по повод годишнината од конфликтот во 2001“).

Иако во помал обем, негативни ставови телевизијата изразуваше и во известувањето на работата на СЈО, кое беше еднострано (22 февруари „Основен суд Скопје 1: Јанева и Фетаи се однесуваа дрско и непрофесионално“, 22 февруари “Ристовски: Катица Јанева и Фатиме Фетаи продолжуваат да прават циркус“).




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на телевизијата Канал 5 (16-20 и 23-27 јануари)**

# АЛФА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Алфа во известувачкиот период објави 150 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјата. Најчесто застапени теми беа проектите и мерките на Владата и на другите институции (41 прилог), преговорите за составување влада (24 прилози), работата на јавните институции (16 прилози), за состојбата во економијата (7 прилози), и по 6 за двојазичноста, промовирањето прокети од страна на партиите и за работата на СЈО. Во пет прилози тема беше организацијата на изборите, односно истрагата што ја отвори ЈО за финансирање на кампањата.




**Број на прилози според теми на Телевизија Алфа (13-17 и 20-24 февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Во врска со најзастапената тема, телевизијата известуваше за тековните проекти што се спроведуваат (13 февруари „Двојно зголемен бројот на странски туристи во Македонија), но и за тие што се во најава (14 февруари „Се проектираат автопатите Скопје - Блаце и Гостивар – Кичево").Телевизијата користи изјави на странски претставници чии пофални зборови во прилозите одат во прилог на фаворизирачкото известување за успешните владини политики (17 февруари „Милер: Импресиониран сум од економскиот напредок на Македонија", 20 февруари „Во анализата на Ирската агенција за истражување на здравствени услуги, се потенцира дека токму поради „Мој Термин", во 2014-тата Македонија, според европскиот здравствен потрошувачки индекс скокна од 27-мо на 16 место". Дел од овие прилози се однесуваа на отчетите на градоначалниците од партијата ВМРО-ДПМНЕ, кои ги најавуваа и проектите за оваа година (13 февруари„Општина Лозово со помош на Владата и донациите кои ги доби реализираше повеќе проекти од суштинско значење за граѓаните"21 февруари „Во општина Кисела Вода е реализирана 80 отсто од предвидената програма"). Медиумот притоа неземаше предвид дека годинава треба да се одржат локални избори, и од која позиција тие гидаваат овие ветувања, ниту пак дали се работи за предвреме започната кампања за избори чие одржување е неизвесно во актуелните политички случувања.

Во врска со преговорите за составување влада, најголемиот дел од прилозите се однесуваа на покривање на партиските средби и состаноци. Но дел од прилозите ја фаворизираа позицијата на ВМРО ДПМНЕ (23 февруари „ВМРО ДПМНЕ вели дека нема да дозволи редефинирање на Македонија",), напаѓајќи ги ставовите на СДСМ и ДУИ чии преговори за нова влада беа во тек (23 февруари „Владата предводена од СДСМ и ДУИ би ја погазила волјата на Македонците"). Во овој контекст Телевизијата известуваше и за двојазичноста која произлезе од преговорите, објавувајќи манипулативни прилози (дознава Алфа) - 24 февруари „Денарите ќе станат двојазични Глоби до 5 000 евра за неупотреба на двојазичноста. Детали од законското решение за албанскиот јазик што го прифати Зоран Заев".

Прилозитеза работата на СЈО се главно реакции од ВМРО-ДПМНЕ, а Телевизијата продолжи да известува за темата „десоросоизација", овој пат во контекст на меѓународни примери со кои се брани овој проце во земјава што го покрена ВМРО ДПМНЕ (15 февруари „Фокс Њус со анализа, како челникот на Фондацијата Отворено Оштество преку својата моќ сака и се обидува да влијае на Балканските земји, со своите пари да ја менува и крои политиката").

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен политички субјект во прилозите на телевизијата е партијата СДСМ (83 прилози). Потоа следува ВМРО ДПМНЕ со 62 и функционерите од оваа партија со 45 информации. Во 42 прилози субјекти се меѓународни институции, амбасади, странски експерти и функционери. Потоа следува ДУИ (37 прилози) и функционери на ДУИ во уште 6 информации, додека во 8 прилози се споменуваат партии од коалицијата што на предводи ВМРО ДПМНЕ „За подобра Македонија"и во 7 прилози Движењето Беса. Од останатите, непартиски субјекти, во 33 се локалните и државните институции, СЈО е во 15 прилози,во 14 е Јавното обвинителство, во 7 Претседателот на државата и во 3 е граѓанското општество, односно невладините организации и фондациите. Во однос на содржината, политичките ставови на ВМРО-ДПМНЕ и на функционерите од оваа партија доминираат над другите (во 99 случаи за нив се известувало фаворизирачки), а особено негативен однос се изразува кон СДСМ (41прилози), кон СЈО (9) исто колку и кон ДУИ (9) и кон меѓународни институции и амбасади во 7 прилози.

Информациите од партијата ВМРО-ДПМНЕ за промовирање проекти, Телевизијата ги пренесува некритички, а во мониторираниот период најекспониран беше лидерот на партијата Никола Груевски преку објавување на неговите статуси на Фејсбук (15 февруари „На својот фејсбук профил се огласи и лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски кој напиша дека нивна цел е подобрување на реалниот живот на граѓаните").

Истиот фаворизирачки пристап е и кон функционерите од ВМРО ДПМНЕ, како министерот за здравство Никола Тодоров со најавите за нови лекови и терапии (14 февруари Нова терапија за шест видови карциноми"), како и локалните функционери од ВМРО-ДПМНЕ (14 февруари „Прилеп инвестира во спортска инфраструктура", 16 фев-

руари „Ќе се реновираат фасади на станбени објекти во Аеродром“).

Напаѓачкиот однос кон партијата СДСМ се забележува во прилозите за преговорите за формирање влада, каде неаргументирано лидерот на партијата Зоран Заев се обвинува дека прави отстапки и пазарање за да се спаси лично од гонење за наводен криминал (17 февруари „Поради две дела за кои се оди во затвор, Заев е сега подготвен на секакви отстапки и на секакви пазарења“). Овој однос се сретнува и при известувањето за истрагата на Јавното обвинителство за финансирање на изборната кампања лани (13 февруари „Дел од медиумите веќе објавија дека овој чекор на Јавното Обвинителство предизвикале паника во раководството на СДСМ“), а при ваквите напади, Телевизијата како извор користи други медиуми (21 февруари „Нетпрес: Вице братот на Зоран Заев и екс министерот Оливер Спасовски Обвинителство под истрага за вмешаност во изборни нерегуларности“, 16 февруари „Егзит: Богоевски најави, Заев го користи СЈО за да го уцени Ахмети“).

Опозициската партија е споменувана во демонизирачки контекст и во прилози поврзани со тнр. „десоросоизација“, каде се воедно се напаѓа и улогата на невладината организација Фонд отворено општество (17 февруари „СДСМ и СОРОС заедно со нивните активисти вршат јавен линч врз актерот Владо Јовановски само затоа што јавно предупреди дека ќе има војна, ако Заев ја прифати целата платформа на Албанците“), која иако во помал обем и натаму се следи. Со ваков негативен тон Телевизијата известува и во прилозите каде без ограда ги пренесува ставовите во авторската емисија „Во центар“ што се емитува на телевизијата Канал 5, каде се напаѓ улогата на Фондацијата на Сорос во Македонија, но и УСАИД и Шарената револуција како „надворешни непријатели“ на Македонија (21 февруари „Се отплеткува мрежата на „Невладини“ и начинот на кој тие под капата на Сорос и УСАИД функционираат во Македонија“, (22 февруари „Ефтов „Во центарот“ - Шарена револуција, терористички закани и блокада на границата-координирана стратегија против Македонија“).

Најизразено демонизирачко известување кон меѓународни претставници во земјава (без субјекти) има кон амбасадорот на САД Џес Бејли за кого се објавува дека и му се заканува истрага поради врските со Сорос (14 февруари „Групата конгресмени и еден сенатор побара објаснување од амбасадорот Џес Бејли за неговите врски со Џорџ Сорос“). Во прилог во кој Телевизијата користи ставови од емисијата „Во центар“ (20 февруари „Ефтов: Прислушкувањето во Македонија било операција од грандиозни размери“), неаргументирано се напаѓаат „стански фактори“ дека стојат зад наводно прислушувањето во Македонија од „грандиозни размери“.

Но затоа, во прилозите за активностите на здружението „Македонски манифест“(21 февруари „Македонија нападната од странски мешатори кои имаат за цел да го уништат македонскиот народ“) се фаворизираат ставовите како „патриотски“ и во одбрана на државата од таквите непријатели. Со по-






Приод во известувањето кон политичките субјекти на Телевизија Алфа (13-17 и 20-24 февруари)

фален тон се пренесува и информацијата за извештајот на американската фондација Херитиџ за степенот на економските слободи (16 февруари „„Херетиџ“: Македонија 31 во светот по економски слободни“, 17 февруари „Авторот на извештајот на „Херитиџ“: огромен е напредокот на Македонија“). Од меѓународните институции, фаворизирачки се известува за работата на Европскиот парламент, конкретно за неколкумина европратеници од „Групата на пријатели на Македонија“ кои според Телевизијата ги бранат интересите на нашата држава (14 февруари „318 амандмани на резолуцијата за Македонија во Европскиот Парламент). Преку пропаганден прилог за „Мој термин“, овој проектот во здравството се промовира како успешен македонски пример во светски рамки (20 февруари „Македонскиот мој термин се популаризира низ светот, по Србија, сега Ирска сака да го воведе за да го среди хаосот во болниците“.

Продолжуваат и неаргументираните напади врз работата на СЈО, особено против Катица Јанева, која заедно со обвинителката Фатиме Фетаи се напаѓани за „театар“ на рочиштето за насилствата во Центар каде прво-обвинет е лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски (22 февруари “Театарска претстава во кривичниот суд. Јанева и Фетаи денеска рочиштето за насилство во општина Центар го претворија во пазар“) и за закани кон судиите во изјавата дадена за Дојче Веле.


ONE

# АЛСАТ М
# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик објави вкупно 104 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјата. Убедливо доминираше темата за преговорите за составување нова влада (50 прилози), по што следуваа оние за работата на СЈО (22), на јавните институции (13 прилози), за двојазичноста што произлезе од преговорите за влада (9 прилози), темата за организирање на изборите во контекст на истрагата за финансирање на кампањите (2 прилози), за образование (2) и други теми кои беа застапени во мал обем. Во најголем дел емитуваните содржини во информативното издание на македонски јазик беа идентични со тие во вестите на албански јазик.




**Број на прилози според теми на Алсат М, вести на македонски јазик (13-17 и 20-24февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Во врска со преговорите за составување влада во вестите се информираше за меѓупартиските средби меѓу СДСМ и ДУИ, за препукувањата на релација ВМРО ДПМНЕ - ДУИ околу двојазичноста по неуспешните преговори (13 февруари „Османи: немаме разлика од СДСМ и ВМРО по етнички прашања"),за пораките од меѓународната заедница (13 февруари „Хан и меѓународната заедница исклучуваат влада од ВМРО оти е против СЈО", 15 февруари „Жбогар е оптимист за брзо решавање на кризата"),за инспекциските контроли во општините раководени од градоначалници од ДУИ што се изјасниле против коалиција со ВМРО-ДПМНЕ(17 февруари „Арифи: контролите на бизнисите се злонамерни").

Од работата на институциите најчесто се известуваше за судските органи (16 февруари „Кривичниот и Врховниот суд се уште без претседатели"), посебно обемно за прераспоредот на судиите во Кривичниот суд, а имаше прилози и за дискриминација по етничка основа, како што еоној за судскиот процес „Сопот" (20 февруари „Иако по објавувањето на доказите за нивната невиност, осудените беа ослободени од затвор, тие и ден-денеска сѐ уште талкаат по судниците во земјава поради истиот случај").

Што се однесува до работата на СЈО, телевизијата известуваше за истражувањето на ова обвинителство на финансирањето на ВМРО ДПМНЕ, за образложението на Јанева пред Советот на обвинители, за рочиштето за насилствата во општина Центар и казните за обвинителските Јанева и Фетаи и за поддршката главно од надвор и пречките внатре со кои се соочува ова обвинителство.

Освен што се споменуваше во контекст на преговорите, беа емитувани и 9 прилози за двојазичноста. Притоа, телевизијата ја анализираше темата преку спротивставување експертски ставови (21 февруари „Експерти: целосен заокружен закон за употреба на албанскиот јазик", 23 февруари „Шасивари: унапредување на албанскиот, но не и официјализирање"). Беше емитуван и прилог за оневозможено право на Албанци да учат на својот мајчин јазик (17 февруари „Децата Албанци си ја викаат мајката на македонски. Ученици од село Бањица, Општина Чашка во Велес, ја немаат среќата да ги учат 36 букви од азбуката на албански јазик. Тоа е поради фактот што нивното право да се образуваат на мајчин јазик им е негирано").

## 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

СДСМ со 78 прилози и ДУИ со 70 прилози се најзастапените субјекти во вестите на македонски јазик на оваа телевизија. Потоа, во речиси двојно помалку прилози (46) се субјект е ВМРО ДПМНЕ, во 28 е Алијансата за Албанците, 17 Беса. Во 10 прилози тоа се функционерите на ДУИ и во 5 на ВМРО ДПМНЕ. Од останатите субјекти во 40 прилози тоа се локалните и државните институции, во 38 тоа е СЈО. За останатите се посветени многу мал дел од прилозите.

Во најголем број до прилозите телевизијата само ги пренесува информациите од извори, без да дава вредносен суд.

Во 25 прилози новинарите критички ги опсервираат темите за кои известуваат, а тие во најголем дел се однесуваат на јавните институции (11), на работата на функционерите на ДУИ (3)и на ВМРО ДПМНЕ и функционеритеод оваа партија (5)и еден на Претседателот на државата.

Критичкото известување за работата на јавните институции може да се поврзе најмногу со критиките на институции со кои раководат функционерите од ДУИ кои се постојано под „лупа" на оваа телевизија. Во анализираниот период се проблематизираат постапките на министерот за образование во однос на две училишни установи – основно училиште во велешкото селот Клуковец кое функционира во лоши услови (14 февруари „Министерот за образование, Пиштар Љутфиу, не го исполни ветувањето дека ќе прати работна група во велешкото село Клуковец која ќе ја процени состојбата на основното училиште „Васил Главинов"), како и за одговорноста на овој функционер за тоа што најмладиот универзитет во земјата „Мајка Тереза" се уште нема објект (20 февеаруари МОН: нема зграда за универзитетот „Мајка Тереза" поради кризата"). Критикуван е и министерот за економија бидејќи не дал отчет за трошењето (21 февруари „Министерството за економија без одговор за трошења. Кучи одбива да даде отчет").

Известувањето за ВМРО ДПМНЕ е главно само пренесување ставови (22 февруари „Груевски: СДСМ прави редефинирање на државата") и во мал дел критички се опсервираат ставовите на оваа партија кон двојазичноста. Притоа, политиката на партијата се „преповнава" со ставовите на МПЦ, искажани преку владиката Агатангел (14 февруари„Повикот на




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на Алсат М, вести на македонски јазик (13-17 и 20-24 февруари)**

членот на Синодот на МПЦ следи по неуспехот на ВМРО-ДПМНЕ да формира влада со ДУИ – процес кој според Никола Груевски не успеал само поради барањето за официјализирање на албанскиот како државен јазик“). Притоа преку ставови на експерти аргументирано се критикува мешањето на МПЦ во политиката (24 февруари „Шасивари: Унапредување на албанскиот, но не и официјализирање“ МПЦ“). Критичко опсервирање е забележано и во прилогот каде се анализира спроведувањето на постоечкиот Закон за употреба на јазиците (17 февруари „Албанците во Чашка асимилирани, учениците не ги виделе 36 албански букви“) и при известувањето за судењето на обвинетите во случајот „Диво насеље“ (17 февруари „Обвинетите од “Диви населје“, жртви на политички местенки велат адвокатите“).

За партијата СДСМ се известува коректно, и главно само се пренесуваат ставовите на нејзините претставници за преговорите за формирање влада.Единствениот прилог емитуван во овој анализиран период во кој има фаворизирачки став е токму за оваа партија, и се однесува на истражување на јавно мислење, каде Албанците се изјасниле дека го преферираат СДСМ пред која било албанска партија (14 февруари „Анкета: СДСМ прва партија кај Албанците“). Прилогот воедно е критика за албанските партии, посебно ДУИ, кои како што с евели „потврдлија во застапувањето на албанските национални итереси“.

ALSAT M

# АЛСАТ М
# АЛБАНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Во известувачкиот период во вестите на албански јазик телевизијата објави вкупно 96 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјата. Убедливо доминираше темата за преговорите за составување нова влада (41 прилог), за работата на СЈО (22 прилози), за двојазичноста што произлезе од преговорите (12 прилози), за работата на јавните институции (9 прилози), за состојбата во економијата (4 прилози), по 2 информации за организацијата на изборите (истрага за финансирање на изборната кампања) и за образованието и др.




**Број на прилози според теми на Алсат М вести на албански јазик (13-17 и 20-24февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Вестите на телевизијата Алсат М на албански јазик се речиси идентични со оние на македонски јазик, со извесни промени поради терминот на емитување (македонското издание е три часа подоцна). Така, во однос на најзастапената тема – преговори за влада, фокусот на известување и во изданието на албански јазик е на меѓупартиските средби, главно меѓу СДСМ и ДУИ, но и со другите партии (13 февруари „Материјалите од СДСМ, ДУИ ги разгледува со Алијансата“), на пораките од меѓународната заедница, на дуелот ДУИ- ВМРО ДПМНЕ околу двојазичноста(13 февруари „ВМРО и ДУИ уште расправаат за неуспехот за формирање Влада“), за инспекциските контроли во општините раководени од градоначалници од ДУИ што се изјасниле против коалиција со ВМРО-ДПМНЕ.

Од работата на институциите најчесто се известуваше за проблемите во судските органи (16 февруари „Повеќе од два месеци без претседатели, со извршители на задача“,21 февруари „Деградирани се судии кои постапувале по барањата на СЈО“) и за загадувањето (14 февруари „Гардијан: Тетово најзагадено во Европа“).

Работата на СЈО исто така беше една од најзастапените теми, и се известуваше за истрагата во РЕК Битола, за образложението на Јанева пред Советот на обвинители за повлекување на „Пуч“, како и за казнувањето на двете обвинителки од СЈО на рочиштето за насилствата во Центар.

Во 12 прилози телевизијата известува за двојазичноста, тема која произлезе од преговорите за составување влада. Во еден од прилозите открива детали од предлог законот за кој се преговара, како „службен, како говорен, така и пишан“ (16 февруари) и повикувајќи се на свои извори објавува дека законот на СДСМ, е за „албанскиот јазик на сите нивоа, и општините каде што нема Албанци ќе мора да им одговорат на нивниот јазик“ (16 февруари). Во тој контекст, се анализира и прашањето за меѓуетничките релации (македонско-албански), за што Телевизијата го објавува ставот на поранешниот политичар Хисни Шаќири според кого „вртењето на албанските гласачи кон СДСМ е израз на незадоволство од албанските политичари кои го користеле националното прашање повеќе од две децении, само за да се збогатат“ (14 февруари).

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Најзастапен субјект во 80 прилози е СДСМ, потоа следува ДУИ во 67, ВМРО ДПМНЕ во 39, Коалицијата Алијанса за Албанците во 33, Беса воо 22, и функционери на ДУИ во 9, односно на ВМРО ДПМНЕ во 3 прилози. Од другите субјекти, СЈО доминира до 47 прилози, по што следуваат јавните институции (42), претседателот на државата (18), Јавното обвинителство во 9 прилози. Во најголем дел од прилозите во вестите на албански јазик Алсат М само пренесува информации од изворот.

Во најголем број прилози нема изразен новинарски, ниту уреднички став. Во мал број прилози (39), се изразува критички однос кон некој проблем во насока на заштита на граѓанскиот интерес.

Најмногу на критичка опсервација е изложена работата на јавните институции (20 февруари „Процесот веќе 7 години се одложува иако е докажана невиноста во Сопот“),функционерите на ДУИ(20 февруари „Работите за УМТ, МОН се правда со кризата. МОН за градење на УМТ се правда со криза, а УМТ се формира во криза“) и на ВМРО ДПМНЕ (и во по еден случај и СЈО (20 февруари „Процесот веќе 7 години се одложува иако е докажана невиноста во Сопот“) и СДСМ.

Улогата на претседателот на државата преку неговата надлежност за доделување на мандатот за составување на влада, е исто така предмет на анализа и критичко известување. На претседателот новинарски „му се забележува“ дека е марионета на ВМРО ДПМНЕ (13 февруари „Иванов во служба на Груевски и ВМРО“), при што критички се опсервираат неговите ставови како пречка за евентуална коалиција СДСМ – ДУИ (17 февруари „Реализирањето на платформата на ДУИ, може да ја гледа како опасност“, 17 феверуари „Претседателот може да кочи, но не може да не го потпише“).

Прилозите за партијата ВМРО ДПМНЕ најчесто се пренесување на ставови (соопштенија или изјави), но за некои потези, особено ставовите на партијата по неуспешните преговори со ДУИ за формирање влада се известува критички, најчесто тоа е лидерот на партијата Никола Груевски поради неговите радикални ставови во однос на законот за јазици (14 февруари „Но и Груевски меша по-




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на Алсат М, вести на албански јазик (13-17 и 20-24 јануари)**

литика со религија и ги обвини оџите за кампања против него", 14 февруари „По Груевски и Агатангел против албанскиот јазик"). Оваа партија исто така телевизијата ја поврзува со протестите на гражанското здружение „За заедничка Македонија" (24 февруари „Иако ВМРО демантира, Алсат дознава дека ВМРО стои зад овие протести").

# ТВ 21
# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата 21 во информативното издание на македонски јазик објави вкупно 120 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјава. Речиси половина од нив (56 прилози) беа во врска со политичките преговори за составување нова влада по парламентарните избори. Медиумот во поголем обем известуваше уште и за работата на државните и на локалните институции, како и за активностите на Специјалното јавно обвинителство. Другите теми беа поретко застапени во вестите. Во најголем дел емитуваните содржини во информативното издание на македонски јазик беа идентични со тие во изданието на албански јазик.




**Број на прилози според теми на ТВ 21, вести на македонски јазик (13-17 и 20-24 февруари)**





| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Главниот фокус во известувањето за преговорите за влада беше ставен на меѓупартиските и на внатрепартиските состаноци што го сочинуваа овој процес. Паралелно со тоа се известуваше и за ставовите на членови на ВМРО-ДПМНЕ дека тие не се откажуваат од идејата за влада со ДУИ, ставови на членови на ДУИ дека се против влада со ВМРО-ДПМНЕ, пораки од претставници на меѓународната заедница, аналитички прилози со дебати меѓу експерти во врска со општата ситуација и со поединечни нејзини аспекти (албанската платформа) итн. Се емитуваа и четири прилози за двојазичноста, како тема што непосредно се поврзуваше со формирањето влада. Тие опфаќаа анализи како би се спровела таа, како и репортажен прилог за Македонци и за Албанци што ги зборуваат двата јазика.

Во врска со работата на институциите, се известуваше за судски процеси и состојби во судството, загадувањето на воздухот, јавниот превоз, регистарот на педофили и за други теми. Прилозите за состојбите во економијата беа со критички тон и во нив се зборуваше за оптоварувањето на пензискиот систем и за долговите на државата кон стопанството.

Што се однесува до Специјалното јавно обвинителство, се емитуваа прилози во врска со разговорите меѓу обвинителството и Советот на јавни обвинители околу евентуалното враќање на предметот „Пуч“, од кој СЈО се откажа, потоа во врска со различни истраги што ги води СЈО, рочиштето за насилните протести пред општината Центар, но и ставот на ВМРО-ДПМНЕ дека е против продолжувањето на мандатот на ова обвинителство.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

ДУИ со 68 и СДСМ со 65 информации објавени во врска со нив, беа најзастапените политички субјекти на телевизијата во известувачкиот период, главно бидејќи беа во центарот на вниманието во преговорите за формирање влада. Се објавија 46 информации во врска со ВМРО-ДПМНЕм 8 за Беса, а другите партии беа поретко застапени. Специјалното обвинителство со 31 информација и јавните институции со 21 се најзастапените непартиски субјекти. Содржински, ставовите и позициите на ниту една политичка партија не доминираа над другите.

Изразувањето каков било новинарски однос во известувањето не е карактеристично за оваа телевизија и се случува инцидентно. Во известувачкиот период беше објавен прилог за улогата на жените во општеството, во кој како позитивен пример беа посочени Теута Арифи од ДУИ и Радмила Шекеринска од СДСМ (17 февруари: „овие две дами се активно вклучени во политичките случувања во Македонија. Поточно тие се дел од преговорите помеѓу СДСМ и ДУИ за формирање на новата влада“). Наспроти тоа, пак, имаше и прилози во кои кон овие партии беше изразена критика, исто така поврзана со формирањето влада (21 февруари: „Партиите молчат, јавноста бара одговори, продолжуват преговорите за албанскиот јазик“).

Активностите на ВМРО-ДПМНЕ беа под критичка опсервација во неколку случаи, поврзани со ставот на партијата за работата на СЈО, но и со емитуван документарен филм за контроверзната историска личност Андон Јанев Ќосето во просториите на општината Бутел (22 февруари: „За време на изборната кампања минатата година, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски се повика на ликот и делото на Ќосето, за да му испрати порака на својот политички опонент, лидерот на СДСМ Зоран Заев. Во неговите зборови „да беше жив Делчев, ќе му го пратеше Ќосето за да ја заврши приказната со таков човек“, многумина прочитаа отворена закана до Заев и страв од изборен пораз“). Во дел прилози, критички се опсервираше и работата на функционерите од оваа партија (24 февруари: „На социјалните мрежи пред извесно време се појавија фотографии од припадници на армијата како носат скината и крпена униформа. Лошата состојба со униформите ја потврдија и од Самостојниот синдикат на професионалните војници“).

Критичкото известување беше најмногу застапено во информациите поврзани со работата на државните и на локалните институции, и тоа Министерството за труд и социјална политика (14 февруари: „Од министерството за Социјална работа се уште нема одговор




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на ТВ 21, вести на македонски јазик (13-17 и 20-24 февруари)**

за ефикасноста на регистарот за педофили и зошто две години не ги објавиле осудените лица"), Владата во врска со задолжувањата (14 февруари: „Заклучно со 2016 година нивото на јавниот долг изнесува 50,1 отсто од БДП или над 4,7 милијарди евра, штп е двојно повеќе од 2008 година"), градот Скопје поради јавниот превоз (16 февруари: „Град Скопје ги игнорира барањата на албанските советници за враќање на двете автобуски линии со број 9 и 19"), Владата поради долговите кон стопанството (17 февруари: „Техничката влада не ги исполнува обврските, бизнис заедницата бара брзо формирање на нова влада"), Владата поради политиките за вработување (21 февруари: „Сакајќи да ја намали невработеноста, Владата на РМ преку субвенционирана исплата на придонесите за новите вработени, предизвикува потрес на пензискиот фонд, смета Светска банка") итн.

# ТВ 21
# АЛБАНСКИ ЈАЗИК

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата 21 во информативното издание на албански јазик емитуваше 112 прилози што се однесуваат на политичкиот живот и на демократските реформи во земјава. Убедливо најзастапена тема беа преговорите за составување нова влада (52 прилози), а од другите теми со поголем интензитет се известуваше за работата на јавните институции (17 прилози) и за активностите на Специјалното јавно обвинителство (10 прилози). Беа објавени и 7 прилози на за двојазичноста, како тема непосредно поврзана со формирањето влада. За другите теми поретко се информираше. Во најголем дел информативното издание на албански јазик во мониторираниот период беше идентично по своите содржини со изданието на македонски јазик.




**Број на прилози според теми на ТВ 21, вести на албански јазик (13-17 и 20-24 февруари)**

| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Во врска со преговорите за формирање влада, најчесто се известуваше за активностите на партиите што беа вклучени во тој процес, СДСМ и ДУИ, како и за пораките од претставници на меѓународната заедница. Се емитуваа и извадоци од дебатни емисии каде што аналитички се разгледуваше политичката состојба и посебно т.н. албанска платформа, а се пренесуваа и пораки од претставниците на различни партии, од високи членови на ДУИ дека се против влада со ВМРО-ДПМНЕ, од високи членови на ВМРО-ДПМНЕ дека не се откажуваат од идејата да формираат влада со ДУИ итн. Во седумте прилози за двојазичноста, оваа тема се разгледуваше подетално, а контекстот на преговори за формирање влада беше спореден. Тие опфаќаа анализи како би се спровела таа, како и репортажен прилог за Македонци и за Албанци што ги зборуваат двата јазика.

Судски процеси и состојбите во судството, загадувањето на воздухот, проблемите со јавниот превоз, функционирањето на регистарот на педофили и други теми беа застапени во известувањето за работата на државните и на локалните институции. Прилозите за состојбите во економијата беа со критички тон и во нив се зборуваше за оптоварувањето на пензискиот систем и за долговите на државата кон стопанството.

Редовно се покриваше работата на Специјалното јавно обвинителство, со прилози во врска со разговорите меѓу обвинителството и Советот на јавни обвинители околу евентуалното враќање на предметот „Пуч“, од кој СЈО се откажа, потоа во врска со различни истраги што ги води СЈО, рочиштето за насилните протести пред општината Центар, но и ставот на ВМРО-ДПМНЕ дека е против продолжувањето на мандатот на ова обвинителство.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

ДУИ, како партија што беше од една страна директно вклучена во преговорите за состав на влада, и како учесник во актуелната влада со свои функционери, беше најзастапена во вестите на оваа телевизија, со 77 информации објавени за неа. На второто место е СДСМ со 67 информации, а потоа следуваа ВМРО-ДПМНЕ со 42 информации, Алијансата за Албанците со 18 и Беса со 10, додека за другите политички субјекти поретко се известуваше. Најзастапен непартиски субјект беше Специјалното јавно обвинителство со 24 објавени информации, како и државните и локални институции со 17. Во поглед на содржината, ставовите и позициите на ниту еден субјект не доминираа над другите.

Во најголем број случаи во известувањето за политичките субјекти немаше новинарска интервенција и не се изразуваше никаков однос, дури ниту критичка опсервација. Фаворизирањето е инцидентно, а демонизирањето на одредени субјекти воопшто не се сретнува. Единствен пример на информација со елементи на фаворизирачко известување беше беше објавен прилог за улогата на жените во општеството, во кој како позитивен пример беа посочени Теута Арифи од ДУИ и Радмила Шекеринска од СДСМ (17 февруари: „овие две дами се активно вклучени во политичките случувања во Македонија. Поточно тие се дел од преговорите помеѓу СДСМ и ДУИ за формирање на новата влада“). Но кон овие две партии се изразуваа и критики, пред се околу тајноста на преговорите во формирањето влада (21 февруари: „Партиите молчат, јавноста бара одговори, продолжуват преговорите за албанскиот јазик“).

Во неколку случаи критички се опсервираа активностите на ВМРО-ДПМНЕ, поврзани со ставот на партијата за работата на СЈО, но и со емитуван документарен филм за контроверзната историска личност Андон Јанев Ќосето во просториите на општината Бутел (22 февруари: „За време на изборната кампања минатата година, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски се повика на ликот и делото на Ќосето, за да му испрати порака на својот политички опонент, лидерот на СДСМ Зоран Заев. Во неговите зборови „да беше жив Делчев, ќе му го пратеше Ќосето за да ја заврши приказната со таков човек“, многумина прочитаа отворена закана до Заев и страв од изборен пораз“). Во дел прилози, критички се опсервираше и работата на функционерите од оваа партија (24 февруари: „На социјалните мрежи пред извесно време се појавија фотографии од припадници на армијата како носат скината и крпена униформа. Лошата




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на ТВ 21, вести на албански јазик (13-17 и 20-24 февруари)**

состојба со униформите ја потврдија и од Самостојниот синдикат на професионалните војници“).

Но критичката опсервација, кога се употребуваше, беше пред се карактеристична за информациите поврзани со работата на државните и на локалните институции, и тоа Министерството за труд и социјална политика (14 февруари: „Од министерството за Социјална работа се уште нема одговор за ефикасноста на регистарот за педофили и зошто две години не ги објавиле осудените лица“), Владата во врска со задолжувањата (14 февруари: „Заклучно со 2016 година нивото на јавниот долг изнесува 50,1 отсто од БДП или над 4,7 милијарди евра, штп е двојно повеќе од 2008 година“), градот Скопје поради јавниот превоз (16 февруари: „Град Скопје ги игнорира барањата на албанските советници за враќање на двете автобуски линии со број 9 и 19“), Владата поради долговите кон стопанството (17 февруари: „Техничката влада не ги исполнува обврските, бизнис заедницата бара брзо формирање на нова влада“), Владата поради политиките за вработување (21 февруари: „Сакајќи да ја намали невработеноста, Владата на РМ преку субвенционирана исплата на придонесите за новите вработени, предизвикува потрес на пензискиот фонд, смета Светска банка“) итн.

# ТВ НОВА

# 1. ТЕМИ ЗА КОИ ИЗВЕСТУВАШЕ

Телевизијата Нова во известувачкиот период емитуваше 112 прилози поврзани со политичкиот живот и со демократските реформи во земјава. Убедливо најзастапена тема во вестите на оваа телевизија беа разговорите за формирање нова влада (47 прилози), а по неа следуваше темата за двојазичноста како непосредно поврзана со првата (11 прилози). Според ова, половина од прилозите емитувани во овие информативни изданија се однесувале на најактуелното прашање во мониторираниот период.




**Број на прилози според теми на Телевизија Нова (13-17 и 20-24 февруари)**



| | |
|---|---|
| Тема 1 | Организација на изборите (истраги во врска со финансиските извештаи за изборните активности на одредени партии) |
| Тема 3 | Проекти и мерки на Владата и на другите институции |
| Тема 4 | Промоција на проекти и мерки на Владата во кои се вклучени политичките партии преку нивните лидери или претставници (пред се Никола Груевски) |
| Тема 6 | Редовни активности на претставници на Владата и на институциите (решавање тековни прашања, протоколарни активности итн.) |
| Тема 7 | Работа на Специјалното јавно обвинителство (и други теми поврзани со СЈО) |
| Тема 11 | Предлог за поширока употреба на албанскиот јазик (прилози што подетално го обработуваат предлогот за користењето на јазиците и во кои контекстот на преговорите за формирање влада е спореден) |
| Тема 12 | Економија и инвестиции (странски инвестиции, буџетски вложувања, вработеност) |
| Тема 13 | Задолжувања и состојба со јавниот долг |
| Тема 14 | Медиуми |
| Тема 15 | Редовна работа на јавните институции, исполнување или неисполнување на нивните обврски |
| Тема 16 | Разно |
| Тема 18 | Образование |
| Тема 19 | Преговори за формирање влада |
| Тема 20 | Десоросоизација |
| Тема 21 | Активности на политичките партии поврзани со тековни случувања (судство, здравство итн) |

Најголем дел од прилозите во врска со формирањето влада се однесуваа на секојдневно известување за активностите на СДСМ и на ДУИ, нивните меѓусебни средби, внатрепартиски состаноци и изјави. Во врска со оваа тема се објавуваа и ставовите на ВМРО-ДПМНЕ и повиците за нови избори, пораките од меѓународните претставници, коментари од политички аналитичари итн. Во врска со двојазичноста, се објавуваа информации, но и шпекулации околу договорот за нов предлог-закон за употреба на јазиците меѓу партиите СДСМ и ДУИ (24 февруари: „Договор СДСМ-ДУИ: Од 3.000 до 5.000 евра казна за неупотреба на албанскиот јазик“).

Известувањето за проектите и мерките на Владата и на другите институции беше третата тема според застапеноста. Притоа се емитува и долгорочни најави, со што се игнорираа околностите дека станува збор за привремена постизборна Влада, па овие прилози сугерираа дека сегашната владејачка структура ќе остане да ја води државата. По подолго време, повторно како извор на информации за дел од овие најави беа користени објавите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски на неговата фејсбук-страница. За Специјалното обвинителство и за работата на институциите се известуваше ретко. Темата „десоросоизација“ беше застапена помалку од претходно, со информации дека американскиот сенатор Мајк Ли барал одговори од американскиот амбасадор во Македонија Џес Бејли за донациите кон невладините организации, дека Цветин Чилиманов од здружението „Стоп операција Сорос“ дал интервју за американскиот портал Брајтбарт, а беа пренесени и делови од емисија на новинарот Васко Ефтов во која тој тврди дека ја разоткрива мрежата на „соросови“ граѓански организации. Известувањето за состојбите во економијата се однесуваше на пренесување на владините очекувања за економски раст и на извештајот од фондацијата Херитиџ за растот на економските слободи во земјава.

# 2. ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ

Со оглед на улогата што политичката партија СДСМ ја имаше во мониторираниот период, како кандидат за составување Влада, информациите за неа беа најзастапени (91), а потоа следуваа ВМРО-ДПМНЕ заедно со нејзините владини функционери (71 информација) и ДУИ (53 информации). Само Алијансата за Албанците (11) и Беса (9) беа позначително застапени од другите партии. Од непартиските субјекти, најмногу се известуваше за СЈО (16 информации) и за невладините организации (12 информации). Ничии искажани политички ставови не доминираа над другите, но беше забележителен изразен фаворизирачки однос во известувањето за ВМРО-ДПМНЕ, а негативен и демонизирачки во известувањето за СДСМ, СЈО и за граѓанското општество.

Демонизирачкото известување за Социјалдемократскиот сојуз на Македонија можеше да се забележи во известувањето во врска со истрагата за финансирање на предизборната кампања (13 февруари: „Одиме понатаму на тема политика, но на тема политика и криминал. Јавното обвинителство извести дека започнало истрага против една партија... Неофицијално, станува збор за СДСМ и сомневањата за начинот на кој ја финансирале на кампањата за изборите“), за еден од судските процеси против партискиот лидер Зоран Заев (17 февруари: „Во понеделник пресуда за нелегалното прислушување и објавување на разговорите во таканаречените бомби, во која обвинет е лидерот на СДСМ, Зоран Заев“), за преговорите за законот за јазиците (20 февруари: „Се прави ли нов обид на ваков начин да се прошверцува антиуставно решение?“) и за реакциите кон прифатените решенија (24 февруари: „На социјалните мрежи се прошири видео за двојазичноста на македонските банкноти. коментарите се дека Заев ги урна темелите на државата, по јазикот го албанизира и денарот“). Во мал број случаи е забележана коректна критичка опсервација на постапките на СДСМ, во врска со преговорите за влада (14 февруари: „Од Бихаќка и понатаму молк за неговата содржина, и покрај најавата дека процесот ќе го водат транспарентно“).

Беа забележани повеќе карактеристични начини на фаворизирачко известување за ВМРО-ДПМНЕ. Еден од нив беше едностраното пренесување информации во кои партијата




**Приод во известувањето кон политичките субјекти на Телевизија Нова (13-17 и 20-24 февруари)**





обвинува други субјекти (15 февруари: „Костовски: Нема тендер во Струмица којшто може да го добие некој кој не е близок до аболицираниот Заев"). Друг беше преку нагласување дека партијата е победник на изборите (24 февруари: „Насобраните граѓани го изразуваат голем револт и незадоволство од тоа што се изигрува волјата на македонскиот народ, којшто несомнено и на овие предвремени парламентарни избори со околу 455 илјади гласа поддршката ја даде на ВМРО-ДПМНЕ"). Меѓу најзастапените беше пофалнчкиот тон во известувањето за владините мерки и проекти или економски успеси (14 февруари: „Ние се уште сме на тема економија и градба и раст. Со засилено темпо продолжува изградбата на патната инфраструктура во земјава. Министерот за транспорт Владо Мисајловски најави дека годинава ќе се обновуваат 40-на патишта").

Медиумот изразуваше негативни ставови кон СЈО во известувањето за неговите активности (23 февруари: „По вчерашното скандалозно рочиште во скопска единица, Катица Јанева се заканува и со кривична пријава за судијката") и еднострано пренесуваше обвинувања дека оваа институција е поврзана со опозициската партија (16 февруари: „Со последните јавни пораки на Богоевски од СДСМ, се потврдува тоа дека СЈО е партиски инструмент кој се користи за пресметки со неистомисленици и уцена кон ДУИ, пишува порталот"). Напаѓачкиот стил на известување беше забележан и кон граѓанските организации во известувањето за т.н. десоросоизација (16 февруари: „Последната лага од кујната на СДСМи Сорос која јавноста може да ја види е наводната независна пратеничка група во Собранието").

British Embassy
Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје, во рамките на проектот Изразување на јавниот интерес: Зголемување на моќта на граѓанските организации во Македонија. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

И Н С Т И Т У Т
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МОЌТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА


VOD
EPG
APP
OPT
INFO
@
1
4 ghi
7 pqrs
8 tuv
0
SETUP